Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија за ситуацијата со човековите права во 2005 година - ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА

Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија за ситуацијата со човековите права во 2005 година - ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

СОДРЖИНА

Воведно објаснување

I. Економски и социјални права

1. Работни права

2. Сиромаштија

II. Функционирање на демократската држава и владеење на правото

1. Партиско влијание

2.Девалвирање на законодавната власт и партиципацијата на граѓаните во управувањето

3. Девалвирање на принципот на владеење на правото

4. Ограничување на бирачкото право и на непосредното одлучување на граѓаните

5. Законски промени и иницијативи за донесување закони

6. За уставните измени и заштитата на човековите права

7. Буџетот на Република Македонија и човековите права

III. Институиции и механизми за заштита на човековите права и слободи

1. Состојба во затворите, полиција, полициско пречекорување на овластувањата, тортура, малтретирање

2. Редовни судови, Уставен суд и Народен правобранител

IV. Повреди на одделни права

1. Слобода на изразувањето

2. Бегалци и внатрешно раселени лица

3. Слобода на уверувањето

4. Правата на националните и етничките малцинства

5. Трговијата со луѓе и човековите права на жртвите

6. Човековите права на корисниците на дрога

V. Анекси

1. Преглед на случаи

2. Други проекти

3. Слики

Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија за ситуацијата со човековите права во 2005 година - ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Воведно објаснување

Во рамките на проектите: *Правна помош* (поддржан од Шведскиот хелсиншки комитет) и *Набљудување на ситуацијата со човековите права во Република Македонија* (поддржан од Норвешкиот хелсиншки комитет), во Хелсиншкиот комитет се кумулираше одреден квантум на податоци и сознанија, кои редовно беа презентирани во месечните извештаи на Комитетот, во соопштенијата за јавноста и во специфичните тематски прилози. Во текот на 2005 година до Комитетот поднесени се 784 пријави[1]. Во врска со овие барања од страна на Комитетот поведени се постапки пред соодветните органи, побарани се податоци и информации, на барателите им е понудена правна помош или се упатени до органите пред кои ваква помош можат да добијат.

Годишниот извештај претставува сублимат на сознанијата добиени од конкретните случаи, месечните извештаи и анализите направени во врска со одредени ситуации поврзани со промоцијата и заштитата на правата и слободите на човекот, и обид да се извлечат генерални заклучоци врз основа на информациите и податоците со кои располага. Во годишниот извештај исто така се содржани и сознанијата, податоците и информациите добиени од други проекти на кои работи Хелсиншкиот комитет (самостојно или во соработка со други невладини организации и академски институции) во текот на 2005 година.[2]

Во своето делување Хелсиншкиот комитет, тргнува од претпоставката дека: човековите права и слободи претставуваат уставна категорија, а државата е нивни основен промотор и гарант. Основна задача на државата во овој домен (која произлегува од Уставот и од прифатените и ратификувани меѓународни документи) е: да создаде услови за практикување на човековите права и слободи, да не ги повредува човековите права и слободи со дејствувањето на било кој свој орган, структура, поединечен службеник или избран функционер, доколку се случи грешка која резултира како повреда на човековите права - да ја констатира и исправи таа грешка и во најголема мерка да ги поништи или ублажи нејзините последици, односно, да го санкционира таквото повредување и, на тој начин, да ги заштити човековите права и слободи.

Мандатот на Хелсиншкиот комитет се состои во набљудување и оценувањето на извршувањето на обврските на државата во врска со човековите права и слободи, како и предупредување за пропустите, грешките или директните повреди на правата и слободите направени од страна на државните органи. Овие функции Хелсиншкиот комитет ги остварува со цел натамошен развој на демократското општество и на владеењето на правото, како основни предуслови за практикување и за заштита на базичните човекови права и слободи.

Генералната оценка која може да се изведе од податоците со кои располага Хелсиншкиот комитет е дека во 2005 година во Република Македонија не се направени битни поместувања во насока на поголема промоција и заштита на човековите права и слободи. Владеењето на правото не се претвори во принцип кој ја определува работата на законодавната, извршната и судската власт и животот во земјата и понатаму е под апсолутно влијание на политичките партии кои моментално се наоѓаат на власт или се борат за власт. И покрај формално изградените институции за контрола на власта, таа останува надвор од било каква контрола и единствена санкција за несоодветната работа се изборите. Во услови на потполно деградирање на правниот систем, со изборите единствено се менува политичката гарнитура, а не и методот на работа. државата не создаде услови за соодветно практикување и заштита на човековите права и слободи, односно не изгради таков општествен поредок во кој целосно ќе можат да бидат реализирани правата и слободите на човекот гарантирани со националните закони и со ратификацијата на меѓународните документи. Прокламираниот развој на државата во ниту еден момент не беше поставен врз основите на концептот за човекови права, односно, принципите на овој концепт не беа употребени во дизајнирањето на ниту еден елемент од развојот.

Лошата економска и социјална положба на граѓаните во голема мера ја намалуваат можноста за вистинско практикување на правата и слободите, и овозможуваат опстојување на затворениот круг на партиско влијание на секој сегмент од животот на луѓето. Во 2005 година **интересите, потребите и барањата на човекот во ниту еден момент не станаа приоритет и основна загрижа на делувањето на државата.**

Застојот во оваа област кој продлжи и во изминатата година е загрижувачки бидејќи со тоа се продлабочува јазот како во однос на државите на развиените западни демократии така и во однос на државите кои во моментот ги развиваат сопствените демократски системи, и на тој начин, и споредбено, Македонија назадува во имплементацијата на меѓународните стандарди во областа на човековите права и слободи.

Овој податок е само навидум во контрадикторност со добиениот статус на кандидат за членка на Европската Унија. Сметаме дека добиениот статус повеќе зборува за политиката на Европската Унија кон регионот (а во тие рамки и посебно кон Република Македонија) отколку што зборува за видлив економски развој или имплементација на

европските стандарди во областа на демократијата, владеењето на правото и човековите права и слободи. Ова е јасно видливо и од аналитичкиот извештај за состојбите во Република Македонија направен од страна на Европската Унија, како и од препораките дадени во врска со започнувањето на процесот за стекнување статус членка на Европската Унија. Овие препораки укажуваат на обемот и карактерот на промените кои треба да се направат што подразбира и заострување на критериумите на сите оние организации (меѓу кои е и Хелсиншкиот комитет) и институции кои имаат контролна и предупредувачка функција.

I ***Економски и социјални права***

Огромен број од граѓаните на Република Македонија во 2005 година **не можеа да ги практикуваат базичните економски и социјални права, а голем дел од граѓаните беа доведени до такво ниво на сиромаштија, кое ги загрозува достоинството неотуѓиво на човековата личност и базичната слобода од страв и беда како основа на уживањето и практикувањето и на граѓанските и политичките права и слободи.**

Со 38% невработеност, егзистенција на 30% од домаќинствата (55% од населението) под нивото на сиромаштијата, над 50000 работници кои за кои не се плаќаат продонеси за пензиско и здравствено осигурување, огромен процент на сива економија кој во Македонија се проценува на 45% од бруто домашниот производ (БДП), просечна плата во државата од 190 евра (а минимална 30 евра), со потрошувачка кошничка за четворочлено семејство (храна и пијалок) од 150 евра, а максимална социјална помош за исто такво семејство од 50 евра, и маса од работници кои кои се наоѓаат во состојба на исчекување на процесите на транзиција (без редовни примања), Република Македонија цврсто стои на едно од последните места во Европа по нивото на остварување и заштита на социјалните и економските права[3].

Клучни зборови на човековите права во сферата на социјалните и економските права се: соодветен стандард на живеење, продуктивност во земјоделието, здравје на децата, економски, социјален и културен развој, соодветна исхрана, физичко и ментално здравје, право на образование, право на работа, работнички права, земјишни права. Тоа се и клучните зборови на меѓународните документи од оваа област. Меѓутоа, наспроти обврските преземени со ратификацијата на овие документи (меѓу кои и на Европската социјална повелба ратификувана на крајот од 2004 година) **државата во 2005 година не направи ниту еден чекор во насока на поставување на било која од спомнатите категории на ниво на приоритет или на ниво на прашање од посебен интерес.**

Наспроти на ова **во областа на практикувањето и заштитата на економските и социјалните права продолжува рестриктивната тенденција**. Рестрикциите и ограничувањата кои се промовираат со секоја нова измена на работното законодавство и законите од областа на социјалната и на здравствената заштита, се во спротивност со вредностите дефинирани во Преамбулата и одредбите на Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, кои се спротиставуваат на било кој облик на намалување, ограничување или негирање на правата поврзани со работниот однос. Во оваа смисла посебно обрнуваме внимание на членот 5 став 2 од пактот според кој: "Не се признава никакво ограничување или отповикување на основните човекови права што се признати или важат во таа земја според законите, конвенциите, прописите или обичаите, под изговор дека овој Пакт нив не ги признава или ги признава во помала мера".

Исто така спротивно на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, и спротивно на Европската социјална повелба, **државата во ниту еден момент како своја стратешка цел и основен приоритет кон кој ќе се концентрираат најголем дел од нејзините активности, не го постави постигнувањето и остварувањето на правата прокламирани со овие два меѓународни документи** (постојан економски, социјален и културен развој и потполна производна вработеност; заработувачка која овозможува пристоен живот, заштита при работата, слободното здружување во синдикати; правото на штрајк, социјална безбедност; правото на најдобро физичко и ментално здравје; правото на образование; правото на посебна заштита на децата и младинците; посебна заштита на жената работничка; социјалната и здравствена помош, професионална и социјална рехабилитација). Во овој контекст напомнуваме дека Република Македонија ја нема потпишано Ревидираната Европска социјална повелба (наспроти конфузиите кои настанаа во врска со ратификацијата на Европската социјална повелба).

Во сите нови закони е предвидено дека министерот или Владата со посебен акт (значи не со законот) ги регулираат условите за остварување на правото, критериумите, начинот, составот и работата на стручните комисии кои решаваат за остварувањето на правата. Ова во голема мера овозможува правна несигурност, преголемо политичко влијание и доминација на политичкиот волунтаризам во остварувањето на правата што се гарантирани со закон.

1. Работни права

Во изминатите години Република Македонија **со секоја промена направена на Законот за работните односи, на Законот за вработување и за осигурување во случај на невработеност, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за социјална заштита и Здравствено осигурување, го прекрши членот 5 од Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, и ги намали правата на луѓето, ги намали механизмите за заштита и го ограничи делувањето на институциите наменети за заштита на**

овие права. Само како пример, правото на работа и постоењето на соодветни мерки за зачувување на ова право, гарантирани во членот 6 од Пактот, е изложено на перманентно ограничување и е загрозено со секоја од промените направени во Законот за работни односи со кои се овозможува поголема слобода на работодавецот во едностраното прекинување на работниот однос. Ова е посебно очигледно во промените на решенијата кои се однесуваат на условите и процедурите за престан на работниот однос, односно за давање отказ.

Процесот на ограничувања на правата на работниците (започнат со измените на законите од 1993 година) добива логично заокружување во констатацијата на Министерот за труд и социјална политика дека: главна пречка за развој на нашата држава и за вложувања на надворешен капитал, се преголемите права на работниците, преголемиот број лажни вработени кои користат огромни бенефиции од државата (во вид на помош при невработеност или елементарно здравствено осигурување), и трудниците кои паѓаат на товар на Фондот за здравство.

Во најновите измени на Законот за работни односи (донесен по ратификацијата на Европската социјална повелба) не се спомнуваат:

* правото на работа;

* правото на правична заработувачка;

* правото на професионално образование; и

* правото на професионално образование за младите (под 18 години) кое ќе се смета како дел од работен ден.

Наспроти ова се зацврстуваат одредбите со кои:

* се отфрла посебната постапка за давање отказ на лица со над 25 години работен стаж или најмалку 20 години работа кај ист работодавец;

* проширен е бројот на причини (и оставена е отворена можност за натамошно проширување) заради кои може да се даде отказ без отказен рок;

* не се предвидуваат никакви ограничувања во одлучувањето на работотдавецот за престанок на работниот однос од деловни причини;

* е намален рокот во кој работодавецот треба да извести за престан на работниот однос со деловен отказ;

* се брише обврската од страна на работодавецот за ублажување на негативните последици од престанокот на работниот однос;

* не постои обврска на страна на работодавецот да ја определи структурата на работниците кои ќе добијат деловен отказ врз основа на претходните критериуми;

* не постои должноста за давање помош за ново вработување; ова се заменува со можност за давање ваква помош;

* му се дава право на работодавецот да ја отпушти работничката која ги исполнила условите за старосна пензија (а кои според Уставниот суд се привилегија и право на жената во функција на заштита на еднаквоста на половите).

Со најновите промени на Законот за работни односи, всушност, не постои обврската на работотдавецот да ги образложи отказите донесени поради структурни, економски, организациски и технолошки промени (деловен отказ). Тој едноставно ги прогласува промените и ги отпушта работниците кои самиот ќе ги определи. По истекот на една година, работодавецот веќе нема обврска да ги прими назад отпуштените работници, дури и во случај кога се отворени идентични работни места. Можноста за злоупотреба на отказите на ваков начин станува енормна. Ова посебно загрижува ако се има предвид дека самите промени не се подложени на никакво и ничие сериозно преиспитување и утврдување на нивното фактичко постоење (со други зборови, едноставна промена на името на одредено работно место може да биде прогласена за структурна промена и работникот да добие отказ (односно да биде заменет со друг работник); на пример случајот со вработените во Македонски железници и во Македонска банка. Ова е посебно опасно во рамките на државната администрација, бидејќи овозможува непречено заменување на кадрите врз партиска основа. Со чл. 13 од Конвенцијата за прекинување на работен однос бр. 158 на Меѓународната организација на трудот (ратификувана од страна на Република Македонија), се налага образложување на причините што се земаат предвид при отпуштање од работа во случај на економски, технолошки, структурни и слични промени во претпријатијата. Во прилог на оваа Конвенција е и Препораката бр.166 во случаите на прекинување на работниот однос по иницијатива на работодавачот, која детално ги утврдува принципите врз чија основа треба да биде изведено отпуштањето. Ова вклучува: тенденција за поретко или, пак, намалување на т.н. колективни отпуштања, објаснување на причините, постоење правни поуки за заштита на правата, соработка и консултации со синдикатите за намалување на штетите

коишто ќе ги предизвика ваквото отпуштање, преквалификации и доквалификации на вработените со цел да одговорат на промените што ќе настанат, советување на работниците во однос на барање решенија за проблемите што ќе настанат во случаите на вакви отпуштања и сл.

Уставниот суд со своето решение застанал на страна на Законодавецот (работодавецот), а не во заштита на човековите права и слободи и базичните принципи и вредности декларирани во националното законодавство и меѓународните документи.

Резултат на ваквото законско и судско дејствување се: се почести случаи на колективни отпуштања, без да се образложат, притоа, вистинските причини за отпуштањето, сериозно загрозување на правото на штрајк (дел од раководителите во одредени штрајкови, како оној во Македонски железници, набргу беа отпуштени од работа), отворено непочитувањето на законот за работни односи (дури и во случаи на многу јасен прекршок како што е отпуштање за времетраење на породилно отсуство, отслужување воен рок и сл.).

Во изминатата година Министерот за труд и социјална политика не излезе во јавноста со ниедна анализа на: условите на работа на работниците и проблемите со непочитувањето на заштитните мерки во работењето (и покрај случаите во кои имаше и директно настрадани работници); проблемите со прекумерна работа (непочитувањето на законските норми за максимум работни часови и одмор); самоволието на работодавците во однос на висината и исплатата на платите и во однос на отпуштањето од работното место; и, отсуството на критериуми во рангирањето на кандидатите при избор во државните органи (при што во голема мера му помогна и решението на Уставниот суд со кое се утврдува дека не е потребно постоење и презентирање на вакви критериуми). Министерот не излезе во јавноста ниту со посебна анализа за положбата во текстилната индустрија во која се вработени, пред се, жени (што посебно изненадува ако се има предвид дека токму во рамките на ова министерство од 1997 година делува одделението за полова рамноправност).

Практикувањето на работните права, меѓу другото, во 2005 година, беше загрозено и поради несоодветната поставеност и дејствување на Сојузот на синдикатите на Република Македонија (една од најмасовните организации со мандат за заштита токму на правата на работниците). Инертното раководство и отворената поврзаност со структурите во власта (што најотворено се манифестира во примањето голема парична помош од страна на државата) ССМ го претвори многу повеќе во орудие на одделни политички партии, отколку структура кој ќе ги застапува интересите на работниците.

2. Сиромаштија

Сиромаштијата во Република Македонија претставува континуирано присутна основа за глобално повредување на човековите права и слободи и неможност тие да се практикуваат од голем дел од граѓаните. Во ниеден момент и во ниеден сегмент од остварувањето на власта не и' е дадено приоритетно место на борбата со сиромаштијата, а исто така не е ни надминато нивото на декларирана загриженост (за што зборува и отсуството на вистински имплементирачки активности во врска со стратегијата за борба со сиромаштијата). На проблемот обрнавме внимание уште при усвојувањето на буџетот за 2005 година и како пример наведовме неколку ставки и конкретни буџетски издвојувања. Со оглед на значењето коешто сметаме дека го има буџетот не само во борбата против сиромаштијата, туку и во создавањето погенерални услови за практикување на човековите права и слободи, во овој извештај анализата на буџетот ја сместивме во посебен дел (во одделот за функционирање на демократската држава и владеењето на правото).

Во 2005 година процентуално се намалени социјалните давачки и бенефициите на лицата со хендикеп, намален е додатокот за деца и уште еднаш е стеснета листата на лекови кои се добиваат на рецепт (со партиципација). Заради проблеми во здравствениот фонд во неколку наврати болните од рак (посебно децата) останаа без соодветна медицинска терапија (и нивните родители од кои многумина во исклучително тешка социјална состојба мораа да ги набавуваат приватно и на сопствена сметка). Условите за лекување веќе паѓаат под минималните стандарди (сè до нивото на директно загрозување на животот на пациентите). Правата на пациентите не се ниту приоритет на дејствувањето на соодветните државни органи, ниту се дел од стратегиите на развој за 2006 година. Законот за здравствено осигурување го следи овој рестриктивен тренд со промените според кои: не може да се користи здравствено осигурување пред истекот на 6 месеци од вработувањето (што важи и за породилно отсуство); се ограничува висината на надоместокот на плата во случај на заболување или породилно отсуство, но не се ограничува основицата за издвојување за здравствено осигурување.

Со измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е намален периодот за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност. Паричната помош врз основа на Законот за социјална заштита не надминува 50 евра (што претставува една третина од просечната кошничка само за храна и пијалак за четиричлено семејство), а со новите измени (**спротивно на системот од права на индивидуата**, кои подразбираат обврски на страна на државата, гарантирани со меѓународните документи) **се воспоставува систем на должности на семејството (односно, се зајакнува улогата на анахроната проширена семејна заедница која продолжува да постои на овие простори единствено поради економската неможност индивидуата да се издвои и да живее сопствен и самостоен живот)**. Според новиот член воспоставен во Законот за социјална заштита (изгласан на 22 јули 2005 година) 6-а "Секој е должен да се грижи за задоволување на своите животни потреби и потребите на лицата кои според закон е должен да ги издржува. Секој е должен со своите приходи да придонесува за спречување, отстранување или ублажување на социјалните ризици на кои е изложен тој и членовите на неговото семејство кои е должен да ги издржува. Како семејство во смисла на овој закон се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно Законот за

семејство да ги издржуваат".Според Европската социјална повелба, во членот 7 страните- договорнички како цел на политиката што ќе ја водат со сите расположливи средства го утврдуваат создавањето услови за вистинска примена (меѓу другите) и на следниве права и принципи: „...13. секое лице кое нема доволно средства за живот има право на социјална и здравствена помош; 14. секое лице има право да ги користи услугите на службите за социјална грижа...". Внесувањето на ваков член покажува огромно неразбирање на суштината на концептот за човекови права и посебно на индивидуалната димензија на овој концепт (индивидуата е носител на правата и државата треба да овозможи егзистенција и практикување на правата од страна на индивидуата која може да се здружува во различни интересни структури).

Како посебно загрозени групи од неповолната економска положба може да се издвојат: старите лица (кои не можат да обезбедат егзистенција со пензиите кои ги примаат, а оние во старечките домови живеат во услови кои се под стандардите на најлошите затвори во државата); голем број деца живеат и растат во крајно несоодветни услови (а посебно загрижува огромниот број основни училишта кои исто така не ги исполнуваат ни минимумот стандарди на затворско живеење, а во кои учат децата од 6-14 години); болните кои не добиваат ни елементарна нега (зголемен е бројот на умрени пациенти поради несоодветна нега, негрижа или употреба на несоодветни лекови), а во неколку наврати се случи и загрозување на животот на пациентите поради директно влијание на уништените простории во кои престојуваат (паѓање на покрив во одделот за дијализа, пробив на влага во детското одделение на клиниката во Скопје и сл.). И покрај алармантната ситуација во изминатата година ниту еден од надлежните органи не се обрати до јавноста со објаснување за активностите кои се преземаат во насока за надминување на ваквите состојби.

Натамошното осиромашување на населението го оневозможува практикувањето на граѓанските и политичките права, а граѓанинот кој не може да обезбеди минимална егизстенција за себе и за членовите на своето семејство, не е ниту слободен, ниту независен, и многу тешко може да се бори за своите права и слободи.

II ***Функционирање на демократската држава и владеење на правото***

Во 2005 година не е направен видлив напредок во развојот на демократијата и владеењето на правото како основни предуслови за практикувањето и заштитата на човековите права и слободи. Ниедна од демократските институции не започна да ја остварува сопствената функција на начин кој соодветствува на демократска држава во која владее правото. И во 2005 година не беше запрен процесот на поместување на моќта од легалните и легитимни структури на власта во врвовите на политичките партии, а продолжи да опстојува и политичкиот договор како извор на правото (договарањето меѓу политичките партии продолжи да ги заменува собраниските и владините расправи). Основни белези на политичко-правниот живот во Република Македонија стануваат:

- стагнацијата во развојот и континуираната репродукција на недемократијата и невладеењето на правото;
- отсуството на елементарна свест и неперцепирање на судирот кој постои меѓу конкретните законски решенија, кои се прифаќаат, и активностите на државните органи, од една страна, наспроти стандардите на меѓународните документи од областа на човековите права и слободи кои ги ратификувала или кон кои пристапила Република Македонија; и
- ситуацијата под синтагмата *човекови права и слободи* да се подведуваат норми и дејства апсолутно спротивни на концептот (како што е, на пример, веќе спомнатиот член 6-а од Законот за социјална заштита).

Во ова светло го сфаќаме и обидот на власта политички оправданата (одвај преодна) оценка дадена од страна на Европската унија за процесот на приближување на Република Македонија до станардите на Унијата, да ја прикаже како показател на успех, развој и признание за направените промени. И овде обрнуваме внимание на Извештајот и на препораките кои се дадени од страна на Европската унија, а кои се однесуваат на развојот на демократијата, владеењето на правото и заштитата на човековите права и слободи.

1. Партиско влијание

Развојот на демократијата и демократските институции и натаму е ограничен поради доминацијата на партискиот модус. Имено, и покрај постоењето на повеќе политички партии на политичката сцена, и во текот на 2005 година продолжи однесувањето и дејствувањето на начин кој беше карактеристичен за еднопартискиот систем. Во практика тоа и понатаму се манифестира во концентрација на целокупната власт во рацете на челниците на политичките партии (сите државни активности, кадровски решенија, стратегии, закони и натаму се решаваат во договор со челниците на политичките партии, а Собранието и Владата се користат само како тела кои им даваат легитимитет на овие договори). Карактеристично за 2005 година е тоа дека овој начин на дејствување веќе не се прикрива, туку најотворено се промовира дури и од страна на пратениците (во изјави како: "...ќе гласаме утре откако претседателите на партиите ќе се договорат како да гласаме..."). На овој начин се негираат сите процедури, правила и критериуми, а како единствен важечки критериум останува волјата на партијата.

Директен резултат од доминацијата на партискиот модус е веќе спомнатото нереагирање на институциите на државата во ситуации на големи нарушувања на системот (и повреди на човековите права и слободи) и отсуството на

одговорност за направените пропусти или повреди. Овој начин на дејствување негативно влијае особено врз структурирањето на државниот апарат и врз институциите кои треба да ги штитат човековите права и слободи.

2. Девалвирање на законодавната власт и партиципацијата на граѓаните во управувањето

Во услови на наполна партизација на целокупниот живот, станува споредно колку и какви закони се донесуваат, бидејќи тие кога ќе дојдат во конфликт со партиската волја воопшто не се применуваат или во моментот се приспособуваат кон конкретната потреба. Таков беше, на пример, случајот со: Законот за пензиско и инвалидско осигурување кој е сменет на 26 јули 2005 година со тоа што е додаден нов член според кој: "Осигуреник избран на непосредни избори во претставничкиот дом, како и членовите на неговото семејство можат да стекнат право на пензија по престанувањето на мандатот, под услови, на начин и постапка утврдени со посебен закон". Врз основа на оваа промена, од 3. 10. 2005 година, пратениците го изгласаа Законот за пратеници во кој се предвидува: "Пратеник на кој му престанал мандатот може да оствари право на предвремена старосна пензија, ако наполнил 25 години пензиски стаж и 55 години старост (маж), односно 53 години старост (жена)" со што пратениците се поставуваат во привилегирана положба врз основа на статус во однос на сите други граѓани на Република Македонија. Направената дискриминација нема оправдување во постоењето на објективно оправдана легитимна цел дадена во Уставот, во законите и во меѓународните договори. Отсуството на каква било оправданост ја потврдува и министерот за труд и социјална политика, г. Стевче Јакимовски кој, во една друга прилика, во изјавата за медиумите во врска со општиот пензиски закон, истакна дека: "Законот за пензиско и инвалидско осигурување не може да биде список на желби и тој мора да се однесува на сите граѓани. Не може да се прави закон врз основа на тоа како размислуваат одредени интересни групи колку и да е силно нивното лоби, дали во Владата или во Собранието. Тоа се многу битни закони, а на ваков начин само може да се сруши законскиот систем".

За различно толкување и примена на законите во највисокото законодавно тело – Собранието, може да зборуваме и во однос на:

- редовната исплата и задржувањето на работните привилегии на пратеникот Љубе Бошковски (кој е лишен од слобода со многу сериозно обвинение за кое е предвидена подолготрајна затворска казна и кој очигледно не може активно да учествува во работата на Собранието);
- редовната исплата и задржувањето на работните привилегии на пратеникот Пеце Наумовски (кој одамна не присуствува на седниците на Собранието и ја заврши постапката за промена на државјанството);
- редовната исплата и задржувањето на работните привилегии на пратениците од ДПА (кои поради својот револт не ги посетуваат собраниските седници, но не се револтирани од собраниските бенефиции); и
- редовната исплата и задржувањето на работните привилегии на пратеникот Али Ахмети кој според податоците кои ги добивме е еден од најретките посетители на Собранието

Сличен е и примерот со Законот за референдум кој е променет на начин кој го гарантира спречувањето на влијанието на граѓаните во случаите кои се спротивни на волјата на владејачките партии. Со новиот Закон за референдум -за културата, за употребата на јазиците, за образованието, за личните документи, за употребата на симболите, за локалната власт, како и за секоја друга област за која ќе се договорат политичките партии (што многу лесно се случува), референдум, воопшто, не може да биде распишан.

3. Девалвирање на принципот на владеење на правото

Посебен облик на девалвирање на правната држава претставува имплементацијата на Рамковниот договор. По четири години од потпишувањето на Рамковниот договор (со кој, меѓу другото, требаше да се промовира и владеењето на правото, како гарант за заштитата на правата на припадниците на малцинските етнички заедници), кај власта во Македонија тој создава правни дилеми и внесува правна конфузија.

-На web-страницата на Владата (http://www.vlada.mk/) и на Министерството за одбрана (http://www.morm.gov.mk), Рамковниот договор е сместен како поглавје X од Уставот на Република Македонија;

- на web-страницата на Претседателот на Република Македонија (www.president.gov.mk), Рамковниот договор (на македонски јазик) ќе го најдете во одделот „документи – Устав на Република Македонија";

- на web-страницата на Министерството за внатрешни работи, Рамковниот договор може да се најде и на албански јазик, но во пододделот насловен како „закони" – „граѓански права" (http://www.mvr.gov.mk/);

-Секторот за европска интеграција (http://www.sei.gov.mk/) го идентификува како „стратешки документ".

Во времето на потпишувањето на Рамковниот договор, еден од советниците на тогашниот претседател (професор на Правниот факултет) во јавноста ги изнесе тезите (кои неодамна ги повтори), дека Охридскиот договор е политичко-правен документ" кој „дава одредени правни решенија", односно дека „тоа е внатрешен правен акт". Сметаме дека несоодветниот третман на Охридскиот договор како правен акт претставува атак врз владеењето на правото и на правната држава. Ова е правно недопустливо, бидејќи единствено Собранието има овластување за донесување и за

изменување на Уставот, како и за донесување закони. **Рамковниот договор не е донесен од страна на Собранието.** Независно дали и колку Рамковниот беше "инспиратор" на уставните амандмани од 2001 година, само така изменетите уставни одредби се извор на правото. **Рамковниот договор не е ниту закон, ниту пропис**. Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи во согласност со Уставот и со законите. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. **Рамковниот договор не е објавен во „Службен весник на Република Македонија".** А тоа се должи на фактот дека Собранието го нема усвоено Рамковниот договор во, на пример, законска процедура. **Рамковниот договор, воопшто, не е правен акт**. Доколку Рамковниот договор навистина беше „внатрешен правен акт", и имаше правно дејство, тогаш граѓаните на Република Македонија ќе мораа да имаат можност да добијат правна заштита, било од редовните судови, било од Уставниот суд. Меѓутоа, **според Уставниот суд, Рамковниот договор „...не е правен акт што може да биде предмет на уставно судска оцена..."**, па оттука секое негово третирање како законски акт значи и скратување на базичното уставно правило и елементарно човеково право - да го оспори (право на жалба, право на фер и независна судска постапка). Оттука, Хелсиншкиот комитет и овојпат нагласува дека е неопходно да се врши разликување меѓу она што значи теоретско-политичка или партиска расправа дали одредени решенија се или не се во согласност со Рамковниот договор и, од друга страна - она што значи критичка и аргументирана **правна** расправа за тоа дали одредени решенија се или не се во согласност со Уставот и со законите. Во таа смисла од надлежните државни органи бараме да дејствуваат во рамките на своите уставни и законски овластувања, за разлика од партиските органи кои во своите кампањи можат да се повикуваат на политички договори, но без да ги доведуваат граѓаните во заблуда дека се работи за нешта што се составен дел од правниот поредок, или уште подрастично - дека имаат некакваси правна сила.

И овде, како на посебен проблем за функционирањето на демократската правна држава ќе свртиме внимание на нееднаквото важење на законите за различни групи граѓани и во различни ситуации. Само како пример:

- не се извршува наплата на долгот на големите потрошувачи на електрична енергија и тие не трпат никакви последици од непочитувањето на договорите, а се исклучуваат домовите на поединечните потрошувачи;

- не се рушат или се легализираат дивоградбите на одредени граѓани, блиски до владејачките структури или со подобра имотна положба, дури и тогаш кога претставуваат отворена закана за животната средина, но во итна постапка се рушат домовите на многу сиромашни граѓани кои немаат друго живеалиште и кои остануваат без покрив над главата; и

- државата како свој партнер во разговорите го избира оној синдикат кој повеќе и` одговара, односно оној, кој спротивно на законите, веќе подолго време финансиски го поддржува, наспроти другите синдикати кои покажуваат поцврсти ставови во одбраната на интересите на работниците.

Корупцијата претставува составен дел од ова наполно негирање на владеењето на правото. Според податоците на Worldaudit на скалата од 1-100 (при што 1 е најдобра оценка), Македонија има 91 поен. Во 2005 година корупцијата веќе не е привилегија само на оние што се на власт, туку станува рак-рана која метастазира во целото општество и во апсолутно секој негов сегмент (според случаите кои се регистрираат во Хелсиншкиот комитет корупцијата е присутна на сите нивоа од образованието, во судството, полицијата, здравството, администрацијата). Таа во толкава мера го детерминира целокупниот живот на граѓаните и е толку распространета што луѓето веќе почнуваат да губат способност и да ја препознаат. Антикорупциската комисија, и покрај огромните напори кои ги вложува, не успева да го пробие бедемот на власта и нема изведено ниту еден случај на корупција докрај. Отсуството на одговорност и на санкционирање на големите коруптивни скандали (посебно потенцирано со свесно блокирање на работата на антикорупциската комисија од страна на Владата и од страна на Јавниот обвинител) го поставува на дневен ред прашањето за смислата на занимавањето со ситната секојдневна корупција.

Јавниот обвинител на Република Македонија (и целокупното јавно обвинителство) одигра исклучително негативна улога во борбата со корупцијата во 2005 година. Наспроти јасните законски одредби според кои:

- Член 42 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство: "Основно право и основна должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела."
- Член 25 од ЗЈО: "За работи и задачи од својата надлежност и за преземање на дејствија за кои е овластено, јавното обвинителство прима пријави, претставки и други поднесоци и изјави од граѓани, органи и други правни лица.
- Член 142 од ЗКП: "(1) Државните органи, институциите што вршат јавни овластувања и други правни лица се должни да пријават кривични дела за кои се гони по службена должност, за кои се известени или за кои ќе узнаат на некој друг начин. (2) Поднесувајќи пријави, пријавителите од став 1 на овој член ќе ги наведат доказите што им се познати и ќе преземат мерки за да се зачуваат трагите од кривичното дело, предметите врз кои или со помош на кои е сторено кривичното дело и другите докази. (3) Секој е должен да пријави кривично дело за кое се гони по службена должност. (4) Со закон се пропишуваат случаите во кои непријавувањето на кривично дело претставува кривично дело."

Јавниот обвинител кој треба да постапува дури и по усни изјави на граѓани, изминатата година ја помина во **чекање, проверување, избегнување средби со надлежни органи и избегнување да поведе постапка во**

врска со кој било случај кој има директна или индиректна врска со државата и дејствувањето на индивидуи поврзани со владејачките структури.

Натамошното уништување на државната администрација го оневозможува нејзиното профилирање во структура која ги промовира и ги овозможува човековите права и слободи и ја претвора во структура која во голема мера ги прекршува или ги загрозува овие права.

Проширувањето на политичкиот договор и во сферата на државната и на јавната администрација, меѓу другото, се манифестира и низ слабеењето на улогата на Агенцијата за државни службеници. Наместо нејзиното воспоставување како независнен орган кој овозможува развој на администрација врз принципите на: законитост, недискриминација, пропорционалност, објективност, непартијност, транспарентност и отчетност, Агенцијата се претвори во орудие на политичките партии, со кое се остварува целосна партиска контрола над администрацијата. Агенцијата не се ни обидува да им се спротивстави на случаите на: разрешување именувани лица без образложение и правна поука; назначување нови кадри без оглед на тоа дали тие ги исполнуваат условите што се предвидени со закон; практика министерствата да не ги почитуваат одлуките и на сопствените органи надлежни за вршење контрола и инспекција. Во оваа смисла, меѓу другото, Агенцијата се реши да одбие повеќе од жалбите на вработените од различни министерства по наводните „структурни реформи" без да навлезе во аргументите изнесени во тие жалби, а едноставно повторувајќи ги аргументите на министерствата - дека се работи за структурна реформа (дури и во ситуација кога е променото само бројчето на работното место).

4. Ограничување на избирачкото право и на непосредното одлучување на граѓаните

Во март и април 2005 година се одржаа локални избори, кои требаа да означат пресвртница во практикувањето на локалната демократија во Република Македонија. На нив требаше да се изберат општинските власти, кои за првпат ќе го понесат товарот на новата децентрализација воведена во согласност со уставната и законска рамка, креирана по конфликтот од 2001 година. Идејата на децентрализацијата беше двојна: доближување на власта до граѓаните, но и создавање на автономија на заедниците во согласност со елементите на консоцијацискиот модел. Новите општини имаат доста проширени надлежности и автономија за водење на локалните работи, што автоматски ја зголеми важноста на изборната победа за локалните елити. **За жал, заради изборните нерегуларности граѓаните, речиси, и не ја добија можноста автентично да го изразат својот глас и тоа во процесот на конституирањето на онаа власт што им е најблиска, - локалната. За првпат, по подолго време, и критиките на меѓународната заедница беа остри и категорични, што само укажа на ретроградниот процес на одвивањето на изборната демократија во Република Македонија.**

Неправилностите на изборниот процес започнаа уште за време на предизборната кампања, која повторно беше дискредитирачка, полна со вербални навреди и закани за политичките противници, но и за граѓаните, кои беа изложени на пресија и страв од можни нереди за време на изборите. Владејачките партии повторно ја злоупотребија својата позиција за изборниот процес, а министри, па и самиот Премиер, како и други носители на јавни функции директно учествуваа во изборните штабови и кампањи, при што ги прекршуваа и меѓународните и домашните норми.

Повредите на правото на избор како базично човеково право, но и како генерален принцип на концептот за човековите права, Хелсиншкиот комитет ги лоцира во следниве елементи:

* * **изборите во многу мала мера го задоволија принципот на автентичност (веродостојност) - избори кои произлегуваат од граѓаните и се насочени кон граѓаните.** Целокупното водење на изборите, предизборните активности и посебно предоминантното присуство на партискиот интерес наспроти изворните интереси на граѓаните на локално ниво, во голема мера ги прават изборите дел од партиските решенија, договори и натпревар, а не одговор на вистинските потреби и интереси на граѓаните;

* * **голем дел од граѓаните на Република Македонија не можеа слободно да ја изразат сопствената волја и слободно да го направат сопствениот избор**. Во голема мера беа надминати влијанијата што се вообичаени за едно демократско општество со акти на: отворени или затскриени закани (посебно на вработените во државните органи или во јавните установи); поткуп на индивидуален план или на цели колективи и населби (села); употреба на сила или закана со употреба на сила (посебно на денот на гласањето); злоупотреба на должностите на членовите на некои изборни одбори и избирачки комисии (директно учество во незаконско полнење на изборните кутии и фалсификување на избирачките списоци, или, индиректно дозволување на вакви активности без соодветна реакција).

* * **во текот на изборите на различно ниво и во различен обем беше повредена генералната недискриминаторска определба на концептот за човековите права и слободи и граѓаните на Република Македонија немаа еднаква можност на еднаков начин да го остварат правото на избор.**

а) Најдискриминирани во текот на изборите беа припадниците на ромската и на албанската заедница. Тие го остваруваа своето право во многу полоши услови отколку припадниците на другите етнички заедници, во атмосфера на закани и злоупотреба на должноста, со примена на сила и со зголемен број случаи на поткуп;

б) Жените Албанки ја претставуваат втората најдискриминирана група на овие избори. Имено, многу мал број од жените Албанки (посебно од селските средини) имаа можност да гласаат (воопшто или самостојно), тие не беа вклучени во работата на избирачките одбори и комисии и не беа на листите на можни кандидати за советници или градоначалници;

в) Неписмените или полуписмените беа оневозможени во остварувањето на правото на избор заради отсуството на разработени процедури за давање непристрасна помош при гласањето;

г) Значаен дел од внатрешно раселените лица (посебно оние што се наоѓаат надвор од колективните центри за згрижување) немаа фактичка можност да гласаат;

д) И на овие избори не можеа да гласаат граѓаните на Република Македонија кои привремено се наоѓаат надвор од државата;

ѓ) Лицата со хендикеп не беа поставени во рамноправна положба во остварувањето на правото на избор (како поради недостапноста на голем број од гласачките места, така и поради отсуството на соодветна непристрасна помош за лицата со оштетен вид).

* * **принципите на чесни избори и на водење на кампањата и остварување на правото на избор во фер и слободна атмосфера беа загрозени со непосредното и посредно вклучување на претставниците на власта во изборната кампања**. Активното вклучување на претставниците на извршната власт и посебно на државната управа (премиерот, дел од министрите, замениците-министри, функционерите и службениците во државната администрација) во изборната кампања е спротивно на точката 5.4 од Документот на КЕБС од Копенхаген во кој државата свечено изјавила дека битен елемент на правдата ќе претставува: "...јасната поделба меѓу државата и политичките партии; посебно политичките партии да не се идентификуваат со државата". Конфликтот на интереси во овие случаи не е од морален, туку од правен карактер (регулиран со одредби во: Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за избирање на пратеници и Законот за избирачкиот список) и може да доведе до сериозен сомнеж за валидноста на спроведените избори. Посебен израз на мешање на политичката припадност со вршењето на високи државни функции претставува актот на негласање на премиерот на државата во последниот круг за избор на градоначалник во градот Скопје. Овие принципи беа загрозени и со тоа што предизборната кампања во еден свој огромен дел беше насочена кон дискредитирање на противникот, а не кон понуда на програми и стратегии за развој и водење на децентрализираната власт (со што посредно се доведува во прашање натамошното остварување на процесот на децентрализација и обезбедувањето на правата и на слободите на граѓаните на ниво на локалната самоуправа).

Прекршувањата беа особено присутни во однос на ранливите и маргинализираните групи. Гледано низ етничка призма, Ромите беа посебно изложени на притисоци (постоеја дури и такви закани дека би можеле да ја загубат социјалната помош, што за голем број од овие лица претставува закана за нивната егзистенција). Исто така, тешки прекршувања на избирачкото право се случуваа и во средините со доминантно албанско население. Во изборите за градоначалник на Скопје, пак, партиските портпароли отворено говореа за употреба на т.н. изборни контингенти (мислејќи на можноста да се употребат гласовите на албанската заедница). Тоа е целосна негација на индивидуалниот и личен карактер на избирачкото право и признавање на најгрубото можно кршење во име на групата или на партијата. Половиот аспект на анализата покажува сериозен ретроградeн процес во однос на учеството на жените, било како дел на изборната администрација (т.е. како членови на изборачките одбори и комисии, па и на ДИК), било како гласачи. Така, наспроти прогресот овозможен со воведувањето на квотата од 30% за лицата од секој пол, во практиката дури се дозволија советнички листи без ниедна жена кандидат. На денот на гласањето, во одредени избирачки места дури не можеа да се забележат жени меѓу гласачите или, уште почесто, имаше појави на семејно гласање и гласање со посредник. Во континуитет, избирачкото право не можат да го остварат ниту лицата со посебни потреби.

Локалните избори повторно беа реализирани без професионална изборна администрација, а нивото на компетентност и непристрасност на членовите на избирачките одбори остана загрижувачко ниско. За најфлагрантните случаи на употреба на насилство на изборите беа подигнати обвинениија, меѓутоа поради неажурноста на судството или поради нејасната законска регулатива најголем дел од виновниците останаа неказнети. Со други зборови, **државата сè уште ја негува т.н. култура на неказнување што дејствува во правец на натамошно јакнење на недовербата на граѓаните во демократската институција - *избори*, а ги охрабрува оние што се борат за власт по нелегален пат.** Избирачкото право нема третман на човеково право гарантирано на поединците, туку и во правните процедури се посматра само низ призмата на вкупниот удел на прекршувањата врз резултатите на самите избори. Соочени со растечка апатија и слаб одзив на граѓаните, политичките актери во континуитет лекот го бараат во намалување на изборниот цензус што создава апсурдни ситуации, при што одредени градоначалници или совети добиваат максимум легалитет при минимален легитимитет.

Дисперзијата на нерегуларностите при локалните избори, повторно како и на изминатите изборни процеси, покажува одредена шема. Разликите се евидентни гледано според критериумот на припадност на етничка заедница (со најголеми прекршувања во албанската и во ромската заедница), според видот на населеното место (руралните заедници се сведоци на поголеми нарушувања од градските), според полот (дискриминација на огромен дел од албанската женска популација) итн.

Во текот на 2005 година немаше примери на спроведени референдуми, но се случи значајна измена на законската регулатива, која во основа доведе до ограничување на правото на референдум и ги поткопа темелите на либералната демократија. Поучени од задолжителниот референдум одржан во 2004 година, по собраните над 150 000 потписи по пат на граѓанска иницијатива, а сакајќи да избегнат слична ситуација во иднина, владејачките партии во Парламентот усвоија нов Закон за референдум и граѓански иницијативи со кој е исклучена можноста од спроведување на задолжителен референдум во согласност со уставните одредби, доколку референдумското прашање влегува во делот на прашањата од интерес за етничките заедници (за кои во Парламентот се одлучува со т.н. двојно мнозинство - на вкупниот број пратеници и на заедниците кои не се мнозинство во државата). На тој начин, уште еднаш е потврден приматот на колективитетите и колективните права над индивидуалните.

5. Законски промени и иницијативи за донесување закони

Во 2005 година е иницирано донесувањето на неколку закони кои директно се поврзани со промоцијата и заштитата на човековите права и слободи. Како исклучително позитивен го оценуваме трендот на иницирање на закони и законски промени од страна на самите граѓани, односно од невладините организации кои работат во конкретни области. Поради тоа како позитивен чекор во развојот на демократијата го истакнуваме иницирањето на: Законот за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп (иницира од НВО „Полио +"), Законот за партнерски заедници (иницира од НВО „МАССО") и Законот за недискриминација (иницира од „Хелсиншкиот комитет").

Во 2005 година во јавна расправа влегоа и Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, Законот за полицијата и Законот за верските заедници и религиозните групи (иницирани од релевантните министерства, односно од Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи). Самиот факт на постоење јавна расправа во врска со закони од овие области е исклучително позитивен, и покрај тоа што двата последни текста (за полицијата и за верските заедници) содржат сериозни недостатоци кои директно завлегуваат во областа на човековите права и слободи и сами по себе претставуваат акт на загрозување на овие права, или чија имплементација ќе создаде услови за вакво загрозување. Поради ова сметаме дека е неопходно во процедурата на донесувањето на овие два закона сериозно да се обрне внимание на сите забелешки дадени од различни невладини организации, научни и стручни институции и независни експерти. Доколку не се направат сериозни интервенции во текстовите и на двата закона, нивното донесување може да претставува отворен атак врз владеењето на правото и заштитата на човековите права и слободи.

6. За уставните измени и заштитата на човековите права

Хелсиншкиот комитет ги поздрави залагањата на Владата со помош на уставни амандмани да се обезбеди ефикасна примена на Европската конвенција за човекови права и слободи, што е одговорност на Република Македонија, како земја-членка на Конвенцијата. Во таа насока, Хелсиншкиот комитет даде свој Прилог кон јавната расправа за текстот на Нацрт-амандманите на Уставот

(http://www.mhc.org.mk).

Основната забелешка на Хелсиншкиот комитет беше селективниот пристап како во однос на заложбите на предлагачот, така и во однос на заштитата на ***сите*** човекови права. Така, наместо наполна кореспонденција и корелација со сите одредби од ЕКЧП во Уставот, предлогот беше фокусиран единствено врз некои права, какво што е правото на т.н. пресумпција на невиност и правото на фер судење, па и во тие одредби станува збор за парцијални решенија. Хелсиншкиот комитет предложи Уставната заштита на **сите Уставни права** да премине или во првостепена надлежност на Уставниот суд, имајќи го предвид принципот на неделивост на правата, или во негова второстепена надлежност, ако се има предвид дека редовните судови се соочуваат со сериозни проблеми на овој план.

За жал, не беа прифатени ниту овој предлог, ниту поголемиот дел од забелешките на Хелсиншкиот комитет, така што за усвоените амандмани не може да се каже дека ќе придонесат за остварување на дел од декларираните залагања со уставните промени: ефикасна примена на Европската конвенција за човекови права и слободи и создавање услови за примена на домашните закони во духот на ЕКЧП.

Така, во нашиот Устав сè уште останува конфузијата меѓу граѓанските и човековите права и само „Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи..." (член 50). Република Македонија останува држава во која сите човекови права не им припаѓаат на сите луѓе, а „основните права и слободи" им се гарантираат само на граѓаните. Токму затоа, во Република Македонија не може да се зборува за заштита на човековите права, туку само за заштита на „човековите права на граѓаните". (Според Уставот, на планот на заштита, не секој човек, туку единствено „Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија" - чл. 50 ст. 1).

7. Буџетот на Република Македонија и човековите права

Структурата и објаснувањата на буџетот на државата се од исклучителна важност за развојот, практикувањето и заштитата на човековите права. Приоритетите во буџетското трошење за конкретна година и

распределбата по буџетски корисници и ставки, претставуваат еден од индикаторите за насоката на развојот на демократскиот систем, за нивото на развој на контролните механизми на власта и за нивото на остварувањето на обврските на државата од кои директно или индиректно зависат практикувањето и заштитата на човековите права и слободи.

Во Уводот на Буџетот на Република Македонија за 2005[4] година се истакнува дека направените реформи во буџетските програми и прикажувањето на буџетот треба да ги рефлектираат главните активности на буџетските корисници; да овозможат **оценување** на резултатите преку дадените индикатори; да дадат повеќе информации заради подобра **анализа и контрола** на буџетските трошења, а со тоа и **зголемување на одговорноста** на Владата. Заради ова (според објаснувањето што е дадено и во Уводот на буџетот за 2006 година[5]) министерствата изготвиле стратешки планови со кои ги дефинираат основните цели, неопходните активности и фискалните ефекти за нивната реализација.

Во практиката на буџетското претставување се уочливи неколку проблеми кои во основа ја рушат базичната идеја за транспарентност, отчетност и одговорност на носителите на функциите.

1. Во голем број од приказите е видливо дека државните органи не разликуваат **функции на органот** од **цели** на дејствувањето, како и од конкретни **активности** за остварување на тие цели.

2. Само како пример:

- во приоритетните цели на Собранието на Република Македонија за 2006 година се спомнува "донесување закони, подзаконски акти, одлуки, декларации, заклучоци и сл." Ова е една од функциите на Собранието и не може да биде цел сама по себе. Целта треба да го содржи тоа што се сака да се постигне со остварувањето на оваа функција во текот на конкретната година (на пример, да се зајакне одредена нормативна сфера, да се обезбеди поголема законска заштита во одредена област, да се регулираат одделни прашања).

- Имајќи ги предвид овие цели треба да се предвидат конкретните активности со кои тие ќе бидат остварени (ниту во 2005 ниту во 2006 не се дадени конкретните активности со кои би се остариле зацртаните цели, односно не е објаснето како ќе се направи предвиденото).

- За секоја активност понатаму, треба да се предвидат индикатори кои ќе овозможат мерење на остварувањето на целта и споредување меѓу предвиденото и извршеното (во 2005 година направен е обид за идентификување индикатори на остварувањето на целите, што е напуштено во 2006, со оглед на тоа што не се понудени индикатори).

Бидејќи транспарентноста, отчетноста и одговорноста на државните органи претставуваат основа на практикувањето и заштитата на човековите права и слободи во односот граѓанин-држава, натамошниот развој на буџетското прикажување има големо влијание врз нивото на остварување на овие права.

Во Уводот на Буџетот за 2005 (и оној за 2006 година) се истакнува дека средствата со кои располага Република Македонија се **ограничени** и заради тоа тие треба да се насочуваат кон **програмите од најголем приоритет**. Ако е ова така, тогаш според податоците добиени од споредбата на буџетските расходи по функции на Централниот буџет за 2005 и 2006 година, може да се изведе заклучокот дека **во огромна мера се зголемува важноста на извршните и на законодавните органи, на финансиските и на фискалните работи, како и на надворешните работи, наспроти помалото зголемување на важноста на економските работи и намалувањето на важноста на заштитата на човековата средина.**

Функционална ставка	Општ буџет од централни приходи, односно основен буџет (во илјади денари)[6]		Вкупно сите расходи (во илјади денари)	
	2005	2006	2005	2006
Извршни, законодавни органи, финансиски и фискални работи, надворешни работи	2 573 913	9 545 868	3 349 150	10 035 003
Заштита на животната средина	397 853	250 076	1 126 897	597 422
Економски работи	15 921 278	22 345 531	18 805 361	23 951 415

Овие податоци покажуваат огромен скок на предвидените расходи за 2006 година поврзани со државните органи, помал скок за економските работи и намалување на вкупните расходи за заштита на животната средина. Во рамките на економските работи, забележлив е падот на расходите за земјоделство, шумарство, лов и риболов.

На некои од аномалиите во однос на приоритетите на државата (која во Уставот е дефинирана како социјална држава која, пред сè, се грижи за остварувањето на правата и слободите на граѓаните), укажавме во Годишниот извештај за 2004 година (кога ги прикажавме предвидените буџетски ставки за одделни дејности од Буџетот за 2005 година). Тогаш изразивме загриженост дека ваквите буџетски приоритети можат да значат натамошно намалување на бројот на луѓе кои имаат можност да ги практикуваат базичните права и слободи. Податоците добиени од анализата на буџетот за 2006 година покажуваат истоветност во решенијата (со очигледен негативен тренд).

Само како пример наведуваме две симплификувани табели од кои можат да се видат главните приоритетни ориентации во буџетското трошење:

Владини програми	**2005 година**	**2006 година**
Ревитализација на села	20 000	15 000
Електрификација на села	10 000	10 000
Вкупно	**30 000**	**25 000**
Реформа на јавната администрација (која се изведува последните 14 години)	499 824	643 154
Капитални проекти	**2005 година**	**2006 година**
Реконструкција на извршни и законодавни органи, финансиски и фискални работи, надворешни работи	92 000	238 000
Реконструкција на згради на владини органи	198 916	103 449
Вкупно за реконструкција на државни органи	**290 916**	**341 449**
Реконструкција на основни училишта	58 562	58 000[7]

Издвојувањата за земјоделието, сè уште, се под каков било релевантен минимум, а **Буџетот за научноистражувачка дејност (133 800 илјади денари) е двапати помал од Буџетот на државната изборна комисија (258 144 илјади денари).** Ваквата распределба на буџетот не може да не се одрази врз глобалните социоекономски состојби во државава.

Споредувајќи ги приоритетите за 2005 година (дадени во Буџетот на државата донесен на 29 декември 2004) и најзначајните резултати постигнати од страна на одделни државни органи (прикажани во Буџетот на државата донесен на 26 декември 2006 година) се соочуваме со некои многу загрижувачки показатели (како и со многу несериозни тврдења за еден сериозен документ).

1. Владини програми:

а) Еден од елементите на Владината програма - **мерки за намалување на сиромаштијата**, е електрификацијата на села (според индикаторот даден во буџетот за 2005 година: **голем број семејства ќе добијат електрична енергија).** Од податоците што се дадени во Буџетот за 2006 година (постигнати резултати) во текот на 2005 година е **обезбедена електрична енергија за три села** (не е наведено колку жители со тоа добиле електрична енергија), меѓутоа останува фактот дека оваа Програма продолжува и во 2006 година (што значи дека со крупни чекори, или, село по село, влегуваме во 21 век).

б) И во 2005 и во 2006 година се издвојуваат средства за **реконструкција на куќи во поранешните кризни региони**. Имајќи го предвид континуираниот проблем со над 160 семејства од овие региони (посебно с. Арачиново и Липковската општина) очигледно програмите не ја остваруваат својата цел (или парите се наменети за нечии други куќи). Изготвувачите на Буџетот не се сигурни ни која година бил конфликтот (во Буџетот за 2006 година тие тврдат дека **во Македонија имало конфликт во 2000 година).**

в) Меѓу индикаторите за остварувањето на Програмата за **јакнење на владеењето на правото** за 2005 година се:

- **подобрување на протекот на информации меѓу државната антикорупциска комисија**, Министерството за финансии, јавниот обвинител и другите релевантни институции (случувањата во текот на 2005 година кои кулминираа и во јавно обвинување дадено од страна на Комисијата, зборуваат дека **оваа соработка не е остварена** во текот на 2005 година, и најверојатно поради тоа не се спомнува како индикатор за наредната 2006 година);

- **водењето истраги** (што се појавува како индикатор и во Буџетот за 2006 година). Проблемот е во тоа дека никаде не се спомнува **бројот на извршени истраги споредено со успешно реализирани судски случаи** (што го прави апсолутно беспредметен овој индикатор);

- усвојување на **Закон за соработка со меѓународниот кривичен суд** што треба да се манифестира во усогласување на процедурите во согласност со Законот за амнестија (бидејќи ваков закон не е донесен, тоа што го нема во 2006 година најверојатно значи дека сме се откажале од неговото донесување).

г) Најинтересни се индикаторите за Владината програма за **економски развој.** Индикатори за остварувањето на оваа Програма наведени во 2005 година се: основање на **многу** мали и средни претпријатија, **покачување** на просечната плата, **зголемување на странските инвестиции**. За оваа програма се издвоени 569 246 илјади денари, а бидејќи **не се отворени многу мали и средни претпријатија, не е покачена просечната плата и не се зголемени странските инвестиции,** очигледно целите не се остварени. Меѓутоа оваа Програма постои и во 2006 година и за неа се издвоени 6 870 223 илјади денари.

д) За **Владината програма за реформа на земјоделието** не се спомнуваат индикатори, меѓутоа се спомнува само еден проект: **преструктуирање на водостопанските претпријатија.** Истото продолжува и во 2006 година?

2. Во анализата ќе издвоиме само неколку буџетски програми (активности на државните органи) како значајни за остварувањето и заштитата на човековите права и слободи:

2.а). Еден од **приоритетите на Собранието** за 2005 година е **довршување на започнатите активности за реконструкција на деловната зграда на Собранието** (за што се предвидени 35 000 илјади денари). Истиов приоритет од исклучителна важност за развојот на државата е предвиден и во Буџетот за 2006 година (со точно истиот износ на пари).

2.б). Според Буџетот од 2005 година **главна функција на Државниот завод за ревизија** е обезбедување надзор и контрола, поддршка и **унапредување на јавната одговорност на лицата и институциите кои управуваат со јавни средства**. Имајќи ја предвид изјавата на премиерот во врска со ревизијата направена во државните органи (дека ревизијата има само информативен карактер и не обврзува на ништо), сметаме дека **државата мора да реши: дали Државниот завод за ревизија е контролен механизам кој ја унапредува одговорноста на функционерите или е тој наполно непотребна институција на која се фрлени 85 000 илјади денари** (пари собрани од граѓаните на РМ со одредена намена).

2.в). **Уставниот суд** на Република Македонија е единствениот орган во врска со кој се спомнува заштитата на слободите и правата на човекот. Својата ефикасност и развојот на демократијата , владеењето на правото, уставноста и заштитата на човековите права и слободи, Уставниот суд имал намера (во 2005 година) и има намера (во 2006 година) да ги мери со **очекуваното "зголемување на обемот на примени предмети по кои ќе се оценува уставноста и законитоста". Дали тоа значи дека Уставниот суд очекувал и очекува донесување на поголем број закони и општи акти кои се спротивни на Уставот, односно со кои се повредуваат базичните права и слободи на човекот?** Дали тоа значи полоши закони, прописи и поголем број несоодветни постапки на државните органи? Ако е тоа така, тогаш е дефинитивно спротивно на поставената цел за натамошна имплементација на стандардите на ЕУ во оваа област.

2.г). **Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор** е предвиден како приоритет во работата на Владата и во 2005 и во 2006 година. **Бидејќи, функција на Владата е извршување на законите и на другите прописи на Собранието, повторно го поставуваме прашањето за местото на овој Договор во правниот систем на Република Македонија, како и за тоа што ќе имплементира Владата и во 2006 година.**

2.д). Бидејќи во описот на функциите на **Министерството за внатрешни работи** не се спомнува заштитата на човековите права и слободи, ова отсуствува и од приоритетите на ова Министерство. Меѓутоа, доколку се погледнат задачите кои си ги поставило за 2005 година, јасно е дека не ја остварило својата функција, бидејќи спротивно на предвиденото: поголем е бројот на **напади на животот**, **намалена е личната сигурност** и имотот на граѓаните; **намалена е безбедноста во сообраќајот**; **не е намалена стапката на криминалитетот**. Во делот за ова Министерство нема оддел остварени задачи во претходниот период.

2.ѓ). За **Центарот за управување со кризи** (за кој во Буџетот од 2006 година се предвидени 128 000 илјада денари), според прикажаните резултати во Буџетот за 2006 година, во текот на 2005 година се обезбедени услови за работа (донесен е Закон, именувани се директор (се разбира строго партиски кадар) и заменик, примени се вработени и обезбедени се просторни и материјално-технички услови за почеток на функционирањето). Приоритети на кои ќе се трошат 128 000 илјади денари во текот на 2006 година повторно се: **заокружување на персоналот, просторно и материјално обезбедување, реконструкција и адаптација на простор, набавка на мебел и канцелариска опрема.**

2.е). **Дирекцијата за заштита и спасување** која во 2005 година располагала со 57 650 илјади денари од кои 44 000 биле потрошени за плати, а остатокот на другите расходи на сопственото постоење, во 2006 година ќе добие 119 786 илјади денари (од кои 80 000 треба да ги потроши на плати и наемнини, 11 650 на сопственото одржување, 200 за капитални расходи, а остатокот од само 4 500 на субвенции и трансфери. Потсетуваме дека Уставниот суд донесе решение (У.број: 147/2004-0-0 со датум на донесување 20. 10. 2004) со кое се одбива иницијативата за поништување на Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од

поплавите настанати во месец јуни 2004 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/2004 поради тоа што: "според Судот, со закон може да се утврди обврска за граѓаните за обезбедување средства во согласност со принципот на солидарност и дека таквата обврска има карактер на јавна давачка утврдена со закон како што е направено тоа во конкретниот случај со оспорениот закон, поради што Судот оцени дека не може основано да се постави прашањето за согласноста на оспорениот закон со Уставот". Бидејќи основна функција на спомнатата дирекција е: заштита и спасување на граѓаните и природните богатства од природни непогоди, епидемии и други несреќи, се поставува прашањето: **дали решението на Судот ќе значи дека буџетските пари (собрани од граѓаните) и понатаму ќе се трошат за мебелот, просторот и платите на одреден број вработени, а за исполнување на задачите заради кои постои Дирекцијата повторно ќе се собираат пари од истите тие граѓани.** Во овој контекст се поставува и прашањето за **улогата на Уставниот суд во заштитата на неодговорното собирање и трошење на парите на граѓаните,** што посебно ќе го погледнеме низ призмата на Завршната сметка во која ќе ги побараме собраните пари и намената за која биле употребени.

2.ж). Во текот на 2005 година **Министерството за земјоделие** не успеало да обезбеди голем дел од зацртаните цели: поголема конкурентност; изградба на ефективни јавни и приватни институции; подобрување на земјоделскиот приход; да осигури потрошувачите да имаат пристап до безбедна храна; да ја оптимизира употребата на ограничени земјишни, шумарски и водени ресурси; да обезбеди да се изградат прифатливи рурални заедници преку постојан рурален развој на еколошки прифатлив начин.

2.з). **Министерството за труд и социјална политика,** исто така, не остварило голем дел од зацртаните цели дадени во објаснувањето на буџетот за 2005 година. И покрај тврдењето дека тоа ќе го направи, Министерството не обезбеди одржлив систем на социјална заштита со кој ќе се намали сиромаштијата; не ги заштити најсиромашните групи со највисок ризик[8]; не ја намали сиромаштијата; не ја зголеми вработеноста; не создаде услови за превенција од долгорочна невработеност; не им даде заштита на невработените; не го подигна животниот стандард. Уште повеќе, **прикажаните постигнати резултати што се дадени во објаснувањето на Буџетот за 2006 година немаат никаква врска со поставените приоритети за 2005 година.**

2s). **Комисијата за односи со верските заедници** добиените буџетски пари веќе трета година ги троши на донесување Закон за верските заедници и религиозните групи. Други значајни резултати (освен континуираната работа на Законот) постигнати во текот на 2005 година (нагласени во буџетот за 2006) се: **учество во две манифестации, согледување на состојбите** во Американско - канадската епархија и **Гласот на православна Русија во Македонија** (што и да се подразбира под ова). Освен континуираната и исцрпувачка работа на Законот, останува нејасно каква врска имаат овие резултати со основната функција на комисијата: **работи кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозните групи и работи во врска со односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи.** Во оваа смисла нејасни се и приоритетите дадени за 2006 година: поддршка на проектот од заеднички интерес на сите верски субјекти (најверојатно станува збор за некој општопознат проект за кој јавноста е добро известена); **вклучување на високошколските институции во системот на високото образование**; **поддршка на институциите кои негуваат духовна музика**, **опремување на библиотеки во средните училишта на верските институции** и поддржување на акцијата за **отворање библиотеки во манастирските комплекси** и во другите верски објекти кои се значајни за културниот и за духовниот развој на Република Македонија.

Од аспект на натамошниот развој на буџетските трошења, интересна е **среднорочната проекција на Буџетот на Република Македонија** според која, платите и надоместоците (кои бележат постојан раст, предвиден и за 2006 година), во 2007 и 2008 година нагло ќе паднат за една четвртина од претходниот период. Која е основата за едно вакво проектирање и како ќе се постигне тоа е една од тајните на владејачките структури.

III ***Институции и механизми за заштита на човековите права и слободи***

Една од битните гаранции на декларираната заложба на државата да ги промовира и штити човековите права и слободи, е и создавањето на систем од институции и заштитни механизми кои ќе ја овозможат оваа заштита и ќе обезбедат санкционирање на прекршителите. Човековите права и слободи не можат да се практикуваат и да бидат заштитени во услови на девалвација на сите заштитни механизми кои им стојат на располагање на граѓаните во едно демократско општество.

Во 2005 година државата продолжи со систематското и континуирано ограничување на сите механизми на демократската држава, коишто се контролори најмногу на извршната, но и на другите облици на власт, а кои, едновремено треба да им стојат на располагање на граѓаните за заштита на нивните права и слободи.

1. Состојба во затворите, полиција, полициско пречекорување на овластувањата, тортура, малтретирање

а) Состојба во затворите

Хелсиншкиот комитет во 2005 година регистрираше пет нови смртни случаи во најголемиот затвор во Македонија - „Идризово". Според затворските власти, три од овие случаи биле самоубиства, едно убиство и еден случај на 'необјаснета' смрт - немало знаци на насилна смрт, едноставно, човекот бил најден мртов во неговиот кревет. Во истиот период, имало три самоубиства и во истражниот затвор во Скопје („Шутка"), како и едно во тетовскиот затвор (каде што е регистриран и еден обид за самоубиство). Вкупно - девет смртни случаи што е сериозно зголемување ако се има предвид дека претходните две години имаше вкупно четири (3 во 2004-та и едно во 2003 година).

Извесно е дека е крајно неприфатливо 'објаснувањето' на директорот на „Идризово" дека „...*нормално е да умираат луѓе во затвор*..." или дури и уште полошо - таквото 'објаснување' да биде замена за вистинска и успешна истрага (што изостана) и основа за неколку штури изјави за јавноста (а со кои се затскри суштината на проблемот). Единствено, двајца од чуварите беа парично казнети, а претходеше и 'редовниот лек' - промена на директорот на затворот. За жал, имаше навестувања и за други смртни случаи или барем за обиди за одземање на човечки животи, но, властите, од една страна, во целост ги негираа таквите тврдења, а од друга, не дозволија ефикасна проверка на истите. Губењето на човечки животи не ги мотивира властите да ја анализираат состојбата со здравствената заштита во затворите (наполното отсуство на специјалистички служби, сосема недоволната општа медицинска помош и инцидентното присуство на психијатар, односно психолог во затворот). Последново посебно драстично се манифестираше во случајот на малолетник во истражното одделение на Затворот во Тетово кој по обидот за самоубиство, беше единствено ставен само под силна терапија со седативи без да му биде пружена било каква нега или помош.

Индикациите за постоење на корупција меѓу затворските службеници (регистрирани во повеќе случаи на распоредување на затворениците во различни одделенија, давањето или одземањето привилегии и бенефиции, како и во непречената трговија со дрога) не наидоа на интерес кај органите за контрола и не доведоа до поведување постапки против вработените во затворите.

Влошувањето на состојбите, посебно во „Идризово", беше очекувано и предвидливо. Уште во 2004 година, при посетата на т.н. „затворени институции" - проект што се реализира по пат на соработка на повеќе европски хелсиншки комитети, меѓу другото, беше укажано дека состојбата е „експлозивна" (на едно место собрани околу 1200 затвореници, со сериозни проблеми на планот на нивната сегрегација, без стратификуван пристап и без вистински можности за работа на планот на нивната ресоцијализација) и дека е неопходно „Идризово" да се „разбие" на неколку помали затвори. Наместо тоа, затворските и извршната власт се решија да го реализираат проектот за модернизација на затворските згради без да дислоцираат барем дел од затворската популација - едноставно ги преместија во затворските „крила" што подоцна би биле реновирани.

На тој начин, можеби и наспроти добрата волја, се создаде уште посложена ситуација на пренатрупаност на старите, несоодветни и лошо одржувани згради, до ниво на сместување на 20-25 затвореници во простории каде по затворските стандарди би требало да бидат сместувани најмногу 4-5 затвореници. Контролата и работата со затворската популација практично, со тоа беше оневозможена, а уште повеќе ако се има предвид дека посебните случаи, при што се издвојуваат 11-те ментално болни затвореници, како и 40-те регистрирани (а најверојатно и околу 90 нерегистрирани) зависници од дрога, не беа издвоени. Слабостите во системот на „напредување" односно преминување од потежок во полесен облик на затворски режим не, само што не беа надминати, туку кулминираа до ниво на целосно губење на вербата на затворениците во легалноста и основаноста на одлуките на затворските власти на тој план. Ова губење на вербата од една страна се одрази во вид на повеќе индивидуални протести, а од друга страна и со неколку обиди за штрајк, па дури и со побуни од помал размер.

За жал, сиве овие сигнали не само што не беа доволни за решителна акција на надлежните, туку и најдобронамерните критики беа дочекувани со негирање и дискредитација на критичарите. Сепак, треба да се напомене дека дури и под такви услови затворските власти, посебно на работно ниво, прифаќаа контакти, па дури и разговори како од затворен тип така и пред македонската јавност. Иако, сè уште, нема суштински реформи, промената на тонот на јавните изјави навестува дека осознавањето на проблемите - напредува.

б) Тортура

Според чл. 79 од Законот за извршување на санкциите, по долго чекање, па по долго најавување, оваа законска обврска - да се формира Државна комисија за надзор на затворскиот систем, а составена од судии, пенолози, социолози и воспитни кадри - беше реализирана на почетокот од летните месеци. Од нејзиното формирање до изготовката на овој Извештај, немаше посериозни сигнали дека Комисијата вложува какви и да било, а најмалку интензивни напори да се одговори на актуелните проблеми со кои се соочи затворската популација, независно што Комисијата нема истражни овластувања. Оттука, практично е неизбежен заклучокот дека оваа Комисија не беше ништо друго, туку обид од една страна да се "истапи" острицата на сè поголемиот број аргументирани јавни критики, а од друга страна - да се избегне обврската што произлегува од ратификатите[9], односно да се формира независна комисија со овластувања да ги истражува случаите во кои постојат индикации за тортура.

Од друга страна, продолжи практиката на обвинителите и судиите да толерираат, па дури и да водат постапки кога постојат бројни или дури и многу јасни индикации дека случајот се базира врз изнудување признание посебно од притворените лица, а што е во отворена колизија како со Уставот (забрана за изнудување признание), предвидено е како кривично дело, а со Законот за кривична постапка е предвидено таквите докази да се отфрлаат како недопустливи. На тоа се надоврзува и сложениот, но и мошне успешен 'систем' за попречување на ефикасни

истраги на случаите на индицирана тортура. Имено, во Македонија постои само една установа којашто е надлежна и соодветно оспособена да констатира медицински наоди во форма судски прифатливи докази за тортура - тоа е Институтот за судска медицина. Преку постапката за констатирање на т.н. „механизам на настанување на повредите" се формира медицински наод кој во судска постапка може да послужи како основа за тоа дека повредите што се констатирани кај едно лице се доследни, односно дека тие одговараат на неговите поплаки оти јавните службеници му ги нанеле тие повреди во текот на службената постапка било во функција на изнудување признание било во функција на противправно казнување (или суштинските елементи на кривичното дело - тортура). Постапката е возможна и поради тоа што не се почитува правото на лишениот од слобода на повикување лекар по сопствен избор.

Таков наод од Институтот не може да побара никој друг, освен судија - посебно не приватните лица, независно што во некои случаи тие искажуваат подготвеност да ја платат, инаку, мошне високата цена. Јавните обвинители можат единствено да му предложат на (истражниот) судија, но, судовите, наводно во хроничен недостиг од пари - немаат финансиски средства тоа да го побараат од Институтот. Наспроти тоа, медицинските наоди од другите установи на декларативно ниво се прифатливи, но или не се на потребното стручно ниво или мораат да се 'доиспитаат'. И кругот е - затворен. Оттука и не постои ниту еден процесуиран случај или, пак, таков не е познат во јавноста за тортура, која е 'докажана' врз основа на наоди од Институтот за судска медицина.

в) Полиција

Во такви услови, или поточно кажано - кога Полицијата знае дека не само што ќе поминат неказнето за тортура, туку и дека правосудните органи ќе ги прифатат доказите базирани врз изнудени признанија (независно дали се вистините или не тие признанија), не зачудува што Полицијата ја продолжува практиката на приведување наводно осомничени лица не врз основа на судски налог, туку - врз основа на наредба од командир на полициска станица. Дури, се оди чекор натаму - се тврди дека, воопшто, не се работи за "лишување од слобода", туку за 'нормално' извршување полициска задача. Сепак, соочени со сè поголемата свест кај граѓаните за нивните права на овој план, а со тоа и сè посилната нивна реакција на таквото полициско однесување, бројот на случаите на таквото произволно и незаконско лишување од слобода, на глобален план е во опаѓање. Во еден период дојде до концентрација на такви случаи благодарение на развојните проблеми при функционирањето на новоформираната полициска единица, наречена „Алфи".

Имено, по подолга пауза, оваа единица беше специјално формирана во текот на 2005 година со цел да се соочи со т.н. „уличен криминал". Имајќи предвид дека појдовната основа беше нула, „Алфи" за релативно кратко време покажа "извонредни" резултати. Меѓутоа, по една несреќна епизода, кога двајца припадници на „Алфи" беа брутално претепани од неколку вооружени лица (припадници на албанската заедница) на пристапот кон селото Кондово, Скопско, дојде до драматична промена на лошо. Наместо „Алфи" да повлијае во позитивна смисла и врз другите полицајци, тие, по оваа епизода, наместо да покажуваат сила спрема криминалците, тргнаа, како и редица полицајци од редовниот состав, во „поход" против - граѓаните. За среќа, овојпат граѓаните одговорија со навремени и голем број пријави на таквите случаи. Независно што до сега ниедна од овие пријави не беше процесуирана или, барем, испитана со должно внимание, извесно е дека таквиот притисок резултираше со релативно брзо "придушување" на ексцесното однесување пред сè, на припадниците на „Алфи".

Треба да одбележи и дека, во споредба со претходната година, одделни јавни обвинители и судии почнаа да водат сметка за должината на изречената мерка - притвор и со тоа не само што дадоа одлични примери туку и на најдобар начин докажаа дека не е проблемот во регулативата (најчест изговор на власта), туку во квалитетот на судиите и во водењето судски постапки. За жал, ваквите квалитетни примери не добија посериозни размери.

Практиката на политичка дискредитација, наместо дијалог и борба на аргументи, се манифестираше во некои од последните изјави на Министерството за внатрешни работи во врска со работата на канцеларијата на Народниот правобранител. Министерот за внатрешни работи го обвини Народниот правобранител за селективност во случаите поврзани со полициска бруталност и пречекорувањето на законските овластувања, за кои покажува интерес. Министерот за внатрешни работи не се задржа на самите случаи и не ја оспори релевантноста на интересот на Народниот правобранител за нив, туку инсинуираше етничка обоеност на интересот на Народниот правобранител. Во својата изјава, Министерот не понуди објаснување за своето тврдење, ниту, пак, се повика на податоци кои би покажале колку и кои индивидуални претставки се поднесени пред Народниот правобранител, по кои претставки Народниот правобранител постапил, а по кои не, дали постои злоупотреба на должноста на Народниот правобранител која би значела дискриминирачко постапување спрема припадниците на која било етничка заедница. Понатаму, МВР обвини дека изјавите на Народниот правобранител „претставуваат смислен атак врз МВР", односно дека „на иницираните случаи и наводната несоработка, свесно се дава политичка димензија". За на крај, портпаролот на МВР да завземе став дека постојат такви документи во Министерството кои се недостапни за Народниот правобранител (наспроти членот 27 од Законот за Народен правобранител според кој нему мораат да му бидат ставени на увид сите барани податоци независно од нивото на доверливост, а тој е должен да ја чува државната и службена тајна).

2. Редовни судови, Уставен суд и Народен правобранител

а) Редовни судови

Голем удел во непочитувањето на правото има **судтсвото**, било заради зависноста од влијанието на Извршната власт и на политичките партии на власт, било поради недостаток од соодветно познавање на меѓународните

стандарди кои произлегуваат од Европската конвенција за човековите права и од други ратификувани конвенции и други меѓународни документи, а најчесто и поради двете причини. Посебно се загрозени правото на фер судење и постоењето на ефективен правен лек, што произлегува од бројните случаи донесени пред Хелсиншкиот комитет во кои е видливо прекршување на правата на граѓаните во:

- определување на мерката притвор;
- третманот на малолетни прекршители на законот;
- привилигираното постапување со претставници на министерството за внатрешни работи во случаи кога тие се појавуваат во својство на обвинети;
- постапувањето во случаи каде што постои засегнат национален или црковен интерес.

Според случаите кои пристигнуваат во Хелсиншкиот комитет редовните судови најчесто не успеваат да ги заштитат човековите права и слободи поради:

1. **Незнаење** кое често се крие зад декларираното слободно уверување на судијата (што, на пример: доведува до ситуација за истоветни или слични случаи да бидат донесени сосема спротивни пресуди /случај Кузман Цилков, Скопје наспроти Кире Сотироски, Крушево и случај "Гетро", Гостивар за надомест на регрес за годишен одмор од 1995/ - странките биле поделени на две групи кај двајца различни судии. Едната група добила пресуда во 1999 година, а другата, за истоветен случај, сè уште, нема добиено пресуда; доведува до блокирање на можноста за извршување /случај Џорџе Арсов, Скопје/; доведува на повреда на правата содржани во меѓународни конвенции/случај Аднан Шаини; доведува на апсолутна неможност да биде остварено правото/ случај Томислав Спасовски, с. Арачиново/ при што е утврдено право на тужителот, меѓутоа според судовите никој не може да биде прогласен за одговорен);
2. **Заштита на интересите на државата и државните органи** (посебно Министерството за внатрешни работи) наспроти индивидуата и нејзините права (како, на пример, случајот Сашо Костадиновски, Куманово/ кога случајот на индицирана тортура не е решен од 2003 до крајот на 2005 година кога конечно е донесена пресуда, поради незакажување рочишта од страна на судијката, одложување на рочиштата поради неприсуство на обвинетите полицајци, и на крај и поради неприсуство на самата судијка; случајот Јулија Гавазова и Македонка Лозановска, Скопје, кои се одложуваат по 7, односно 8 пати поради недоаѓање на сведоците вработени во МВР, при што Судот немал храброст да донесе наредба за присилно спроведување, и не ги применил одредбите на законот на МВР како државен орган);
3. **Неизвршувањето на судските одлуки** кое правото на правично судење и судење во разумен рок го прави илузорно со тоа што националниот систем на државата дозволува конечни правосилни пресуди да останат неспроведени на штета на една од странките, или нивното извршување се одолговлекува до обесмислување на пресудата (како што е, на пример, во: случај за незаконски престан на работниот однос - Павлина и Никола Камчеви/ од1996 година; АД "Занат Градба" за надоместок на трошоци поради незаконски престан на работен однос/ од 2001 година; случајот на Ефто Ефтовски, Гостивар за граѓанска постапка за долг/ од 1999 година; случајот на Благоја Дробов во извршување на привремена мерка/ од 1992 година;

Во 2005 година како посебно загрижувачки го издвојуваме функционирањето на Врховниот суд. Тој не успеа да изгради воедначена и конзистентна практика која ќе ја потврди неговата функција на еден од основните гаранти на човековите права и слободи.

1. Врховниот суд веќе по правило постапува итно и донесува мериторна одлука во случаите кога донесува позитивна одлука во однос на државата, (на пример случаите на: Димитар Арсов/отпуштен од работа како технолошки вишок против ЕСМ во кој одлуката на Врховниот суд претставува сериозен "удар" по заштитата на работниците од произволните и волунтаристички одлуки на работодавците кои, на овој начин било која ситуација можат да ја прогласат за структурна промена, односно на тој начин, колективистичките мерки се враќаат на „голема врата" наместо да се истрае на реформскиот пат, односно секој случај да се цени преку неговата индивидуалност);

2. Кога станува збор за индивидуални тужби (многу често поднесени од страна на луѓе во незавидна социјална и економска положба, а кои се однесуваат на пензии, социјална помош или некое друго право на статусно, економски или возрасно чувствителни групи од населението) процесот трае повеќе години, а Судот најчесто ги враќа случаите на повторно одлучување (што во практика значи бескрајно вртење во круг). На пример: случајот на Санде Трајчевски, Битолско (кој 17 години води спор за добивање право на старосна пензија); Томислв Доцевски (1996); случајот на Злате Ангеловски, Битола (од 2002 година за добивање инвалидска пензија); Живко Вренцовски (2003); Мирослав Георгиевски (2002); Ремзи Лимановски (2003);. Во ниту еден од овие случаи судот не ја искористил можноста за донесување мериторна одлука и покрај очигледното изигрување на постапката од страна на пониските судови.

3. Во одредени случаи решенијата на Врховниот суд остануваат надвор од можноста за разбирање. Ваков е, на пример, случајот со утврдување татковство во кој стерилитетот на "таткото" не е земен како доволна причина за овозможување на постапка за докажување на татковство.

б) Уставен суд

Уште позагрижувачко станува селективното функционирање на **Уставниот суд**. Тргнувајќи од системската положба на Уставниот суд, а која е клучна во контролата на законодавната функција на Собранието на Република Македонија, Хелсиншкиот комитет разви практика и самиот да се обраќа, но и да ги упатува граѓаните да се обраќаат до Уставниот суд. Меѓутоа, со промената на составот на Уставниот суд (неговото скоро потполно партиско екипирање) се соочивме со практика на Уставниот суд, според која доколку прашањето завлегува во актуелните политички ставови на Извршната власт, а тие ставови се реперкуирале во изгласување определен закон - Уставниот суд по правило се прогласува за ненадлежен.

На ваков начин беа одбиени поднесоците на Хелсиншкиот комитет за:

1. Прекршување на членот 97 од Уставот на Република Македонија („Со органите на државната управа во областа на ... полицијата раководат цивилни лица кои непосредно пред изборот на тие функции биле цивили најмалку три години.") во случајот на изборот на министерот Силјан Аврамовски (со образложение дека изборот на министер претставува поединечен акт), што отвора можност за избор и на следен министер за внатрешни работи спротивно на овој член;
2. Исто така за ненадлежен Уставниот суд се прогласи во врска со Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонија и САД за неекстрадиција на американските државјани. Судот одби да ја разгледува и повредата на правото на недискриминација во врска со овој договор.

Уставниот суд покажува ретроградност во своето дејствување, посебно кога станува збор за примената на меѓународните стандарди во донесувањето на одлуки од областа на заштитата на човековите права и слободи. Како посебно несензибилен Уставниот суд се покажа по прашањата поврзани со правата на сексуалните малцинства и слободата на уверувањето:

1) Одбиена е иницијативата на Центарот за граѓански и човекови права во врска со дискриминацијата по основ на сексуална определба во Законот за служба во Армијата (каде што се поистоветени „сексуалната злоупотреба" и „хомосексуализмот", со тоа што и двете работи се казнуваат како дисциплински престап). За одбележување е дека и покрај ваквата одлука на Уставниот суд, Владата покрена постапка за измена на овој член и во декември 2005 година со измена на Законот за служба во армијата основот хомосексуалност е отстранет.

2) Со Решение е отфрлена и иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 5 и 8 од Законот за верските заедници и религиозните групи (според кои не е возможно формирање на повеќе верски заедници за иста вероисповед) со повикување на член 28 од Деловникот според кој Судот ќе ја отфрли иницијативата ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основа за поинакво одлучување. Судот не само што не ја користи можноста да го преиспита своето решение, туку одбивањето натаму го образложува со правилноста на оваа одредба на Законот за верските заедници. **Според судот на тој начин "се заштитуваат граѓаните од манипулирање со нив преку поделба на верниците од иста вероисповест на повеќе верски заедници што води кон легализирање на раскол во црквата". Со ова Уставниот суд наместо да ја штити слободата на вероисповеста и правото "на промена на религијата или уверувањето" го штити монополот на конкретна верска заедница врз нејзините верници.**

Јавната расправа по одделни иницијативи станува реткост во делувањето на Уставниот суд. И тоа можеби би било во ред, доколку не беше уште еден чуден "феномен". Имено, согласно чл. 70 од Деловникот на Уставниот суд (Деловник), Судот донесува одлука кога ја разгледува суштината на предметот/иницијативата, а, согласно чл. 71 од истиот Деловник, донесува решение, цитираме: "...кога не одлучува за суштината на работата...". Оттаму, според Деловникот, Решението не може да претставува акт на мериторно одлучување. Наспроти ова, Судот донесе решенија за неповедување постапка по нашите иницијативи, а во кои искажува суштински оценки за согласност на оспорените законски одредби со Уставот, значи, практично одлуки во кои мериторно одлучува без да је реализира неопходната постапка.

Во одделни случаи Уставниот суд покажува загрижувачко **непознавање на меѓународното право** (како на пример во случајот по прашањето за тнр. "присилно приведување" (за кое судот утврди дека "не станува збор за лишување од слобода, ... туку за ... присилно приведување..." (наспроти објаснувањето на Европскиот суд за човекови права според кое: "лишувањето од слобода најочигледно се случува онаму каде лицето со сила се чува во полиција", но, чл. 5 се применува и кога „... лицето не може да напушти одредено место или е обврзано да дојде на некое друго место со службено лице, односно кога не може повеќе слободно да замине...".

Во образложенијата на актите на Уставниот суд, забележлива е **неконзистентност** во поглед на тоа дали, и во која мерка, одлуките на Уставниот суд можат да се базираат на ратификувани конвенции. На пример, што се однесува до ЕКЧП, во некои свои акти Судот смета дека одредбите на оваа конвенција можат да претставуваат само дополнителен аргумент на судот и тоа само за правата за кои е надлежен, додека во други акти имаме повикување и

на други права од ЕКЧП за кои Уставниот суд, нели наводно: „не е надлежен". Ако е несомнено надлежност на судот да одлучува за согласноста на прописите со законите, и за согласноста на законите со Уставот, а имајќи предвид дека меѓународните договори се хиерархиски надредени над домашните закони (согласно чл. 118 од Уставот), тогаш секако постои уставен основ за оценување на согласноста на прописите и законите со меѓународните договори, кои стануваат составен дел од правниот поредок со стапувањето во сила на законите за ратификација.

Проблемот на **различно решавање на истоветни или слични случаи** уочен во постапувањето пред различни редовни судови, се појавува во рамките на Уставниот суд во вид на евидентни разлики во постапувањето (а посебно во анализата на националното и меѓународното право) во зависност од тоа кој уставен судија се појавува како судија-известител. (Само како пример ги наведуваме: Одлуката за укинување на одлуката за донесување Детален урбанистички план за Урбан блок 9-Урбан модул 1 - Струга и Решението да не се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за населба Тасино Чесмиче). На овој начин директно се загрозува можноста за еднаква заштита на правата и слободите на граѓаните, а директен одговорен за воедначување на постапката и еднаква примена на правото е претседателот на судот (*Лилјана Ингилизова Ристова)* која е и потписник на документите на Уставниот суд.

в) Народен правобранител

Канцеларијата на Народниот правобранител покажува одредено позитивно поместување во насока на поголема употреба на ингеренциите кои и стојат на располагање на оваа институција согласно Законот за народен правобранител. Меѓутоа сметаме дека сѐ уште, оваа институција не го зазема местото кое би требало да го има во промоцијата и заштитата на човековите права и слободи. Стравувањата дека назначувањето на партиски кадар на раководна позиција може да се одрази врз работата на институцијата, во голема мера се покажуваат како основани.

1. Извештајот на Народниот правобранител за 2004 година (објавен во април 2005 година) **не одразува интерес на оваа институција за областа - права на жените** (иако има области кои што се своевиден новитет во заштитата на човековите права: на пример, „Заштита на правата на воените лица и воените обврзници" или „Заштита на правата од царинската област"). Анализата на годишниот извештај на Народниот правобранител за 2004 (од март 2005), кој беше на дневен ред на собраниската седница од 18 мај 2005, покажува дека оваа клучна институција за заштита на човековите права не презела ниту еден конкретен чекор за признавање, промоција и заштита на правата на жените. Со исклучок на една единствена реченица, во која попатно се споменува опасноста од дискриминација врз основа на пол,[5] во останатиот дел од извештајот воопшто не се споменуваат правата на жените, ниту пак се дадени било какви податоци за активностите на оваа институција во врска со дискриминацијата врз основа на пол, во врска со половата/родовата еднаквост, во врска со насилството врз жените, итн.
2. **Народниот правобранител не најде за потребно да реагира на случаите на големи нарушувања на изборното право** во текот на локалните избори. Имајќи предвид дека овие нарушувања во најголема мера беа идентификувани во избирачките места каде што како доминантна или мнозинска се појавува албанската заедница и беа поврзани со делувањето на владеачката партија на албанската заедница ДУИ (која директно го назначи Народниот правобранител), се поставува прашањето за објективноста во дејствувањето на истиот и способноста да се спротистави на прекршувањата на човековите права и слободи кога станува збор за прекршувања на правени од структури на владеачката партија на албанската заедница. Во врска со изборите, повторно се постави како исклучително важно загрозувањето на правото на избор на жените од албанската заедница (што повторно не предизвика никаква реакција кај Народниот правобранител).

3. **Зависноста од владеачкиот партиски врв** е индицирана и во процесот на екипирање на канцеларијата на Народниот правобранител. И покрај зацртаниот приоритет - работа на правичната застапеност на заедниците (почнувајќи од составот на канцеларијата на Народниот правобранител), единствен предлог за смена во составот на замениците на Народниот правобранител (по завршувањето на нивниот мандат) е даден за Сузана Салиу (која има можност да биде избрана на местото заменик Народен правобранител за уште осум години). Со оглед на искуството во работењето на канцеларијата и резултатите постигнати во својата работа од една страна, и јасното партиско несовпаѓање со новиот народен правобранител (именуван од владеачката ДУИ) , се поставува прашањето на мотивот на ваквата смена и конзистентноста со поставените приоритети.

4. Според увидите во случаите кои доаѓаат пред Хелсиншкиот комитет Канцеларијата на Народниот правобранител **во неколку наврати не успеа да одговори на задолженијата** кои произлегуваат од законските определби. На пример:

- за Народниот правобранител непостоењето на комисија на Владата која требало да биде формирана и која треба да оствари одредени барања на граѓаните е доволна причина за неисполнување на судска одлука - случај Дуртановски;

- помошникот на Народниот правобранител задолжен за правата на децата не реагираше на очигледните кршења на правата на деца во ученичкиот дом во Љубанци (регистриран и пријавен од страна на невладината организација Рубикон, која подолго време работела во оваа институција).

5. Како посебно загрижувачко би свртеле внимание на **несоодветното постапување на Народниот правобранител во случаите поврзани со слободата на уверување.** Имено, во повеќе случаи кои имаат врска со иницијативата за формирање на посебна Охридска Архиепископија (паралелно со МПЦ), канцеларијата на Народниот правобранител не покажа сили да се спротистави на очигледното кршење на човековите права од страна на различни државни органи. Тука може да ги наброиме случаите на:

- Јован Вранишковски (за кој е изречена казна затвор од 2,5 години заради поттикнување верска и национална омраза и нетрпение), за што Народниот правобранител не виде потреба од сопствена реакција;

- Ристе Ристески од Прилеп, кој е изложен на континуиран притисок од страна на полицијата;

- Директните напади на кои се изложени симпатизерите на Јован Вранишковски (рушење на објекти, закани, напади врз приватни куќи).

- Монахињата Паулина Зајас која беше протерана од државата и подолг период не можеше да оствари повторен влез;

- Неможноста на монахот Софроние да ја промени адресата на живеење во личната карта

Во последните два случаи (во кои Народниот правобранител не виде прекршување на праватиинеисакаше да интервенира) после интервенциите на Хелсиншкиот комитет самите државни органи донесоа позитивни решенија.

IV. Повреди на на одделни права

Во текот на 2005 година беа повредени одредени специфични права (или групи на права) кои имаат исклучително значење за развојот на демократијата, односно кои се однесуваат на одредени чувствителни групи кои се наоѓаат во најзагрозена положба од аспект на заштитата на нивните права и слободи.

1. Слобода на изразувањето

Состојбите во сферата на слободните медиуми не претрпеа некои значајни промени во 2005 година во однос на 2004-та. Во почетокот од годината привремено беа запрени неколку медиуми на албански јазик (дневните весници „Факти" и „Коха Диторе") а и понатаму не излегува неделникот „Лоби". Најстариот весник на албански јазик, „Флака" кој престана да излегува од ноември 2004 година, а кој во одреден период се сметаше за близок до една од партиите на власт (сопственост на луѓе блиски на партијата ДУИ), и покрај најавите дека повторно ќе излезе, до крајот на годината, сè уште, не се појави. Ова во голема мера го осиромашува медиумското информирање на албански јазик и го поставува прашањето за независноста на медиумите (кои и преку дејствувањето на политичките партиски врвови лесно можат да бидат доведени во економски теснец). Паѓа во очи и податокот дека меѓу печатените медиуми на албански јазик доминираат оние на кои матичните редакции им се на Косово.

Македонската радио телевизија и понатаму остана, пред сè, орудие на владејачките партии. Ова како многу очигледно се манифестираше, на пример, во квантитативното присуство на одделни политички партии со нивни изјави, конгреси или друг вид настапи во временскиот простор на телевизијата и на радиото; во нереагирањето (премолчувањето) на случувањата за време на празнувањето на Денот на албанското знаме; во одбивањето рамноправно да ги третира верските заедници и религиозните групи (одбивајќи да ја презентира усната порака по повод Велигден дадена од страна на регистрираната религиозна група ,,Прахристјанска заедница" наспроти огромното присуство на МПЦ во врска со сите религиозни празници и други случувања поврзани со внатрешноцрковното дејствување).

Медиумите не успеваат да се профилираат како независни од политичкото влијание и да понудат издржани анализи и објективни информации. Дел од пишаните медиуми и понатаму ја негуваат "слабоста" кон одделни колумнисти. Посебно паѓа во очи селективноста во овој пристап. Во одделни дневни весници уредувачкото тело не реагира на случаите на очигледен говор на омраза и отворено највулгарно навредување кога доаѓа од страна на одделни "повластени" колумнисти (неновинари), меѓутоа се спротиставува на отворена аргументирана критика изнесена во вид на сопствен став и мислење кога тоа е упатено против некои од политичарите кои континуирано го узурпираат просторот наменет за јавноста.

Иако транспарентноста во работењето на државните органи или на т.н. јавни власти, во кои спаѓаат Владата и нејзините тела на државно и локално ниво, е еден од основните (декларативни) постулати на нивното работење, сепак, тоа не се потврдува и во практиката. И во 2005 година не беше донесен Законот за пристап до информации од јавен карактер, што, секако, на власта и` остава простор за манипулирање со информациите. Во јануари 2006 година на страниците на дневните весници повеќе невладини организации, меѓу кои и Артикл 19, Институтот Отворено општество, Про Медиа и Транспарнетност Македонија упатија отворено писмо до претседателот на државата, Бранко

Црвенковски, до претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски и до премиерот, Владимир Бучковски, во кое изразија загриженост поради слабостите во новиот предлог на Законот за слободен пристап до информациите. Обидот да се донесе закон кој евидентно наидува на критики како од страна на новинарите, така и од страна на невладиниот сектор и експертите, само го потврдува овој заклучок.

Позитивен исчекор во областа на информирањето преставува донесувањето на Законот за радиодифузна дејност.

Во неколку наврати во 2005 година предмет на расправа беше Кривичниот законик донесен пред две години каде што новинарите бараа да се депенализираат некои дела (клевета и навреда). Дебатата се водеше и по препораките добиени од Советот на Европа. Измените не се направени, а изминатава година ја карактеризираат повеќе судски случаи токму врз основа на овие членови. Слободата на информирањето, како и независноста и објективноста на медиумите се доведуваат во прашање со практиката - брзо и лесно да се донесуваат пресуди (и оние со кои се изрекува казна затвор) против новинари заради објавени (дури и вистинити) информации, а не се реагира на отворените закани и притисоци кои доаѓаат од страна на власта и партиите на власт врз новинарите. Последен е примерот со отворените и затскриени закани на кои е изложен неделникот *Фокус* (по објавувањето на написот во кој се изразува сомнение во вистинитоста на прикажаната имотна состојба од страна на претседателот на државата, Бранко Црвенковски и поранешниот премиер на Владата, Хари Костов). Во последниот случај, во кој на "голема врата" беа најавени тужби за фалсификат, овие беа заменети со тужби за клевета (кои според досегашното искуство многу лесно поминуваат кај судовите кога станува збор за тужители со политички бекграунд). Во случајот малку збунува и податокот дека претседателот Бранко Црвенковски не продолжи со приватна тужба за фалсификат во моментот кога Јавниот обвинител не поведе постапка по службена должност.

Здружението на новинарите не се постави во улога на тело кое ќе води грижа за слободата на информирањето и кое ќе застане во заштита на новинарите во случаи на ограничување на оваа слобода.

Најдрастичен показател на ваквото отсуство на интерес претставува молчењето на Здружението за случајот на новинарката Рајмонда Малечка. Според пресудата на Основниот суд, новинарката од Албанија и нејзиниот татко се обвинети и осудени за подготовка на терористички активности со тоа што: снимале ровови, бункери, вооружени луѓе облечени во воени униформи кои им покажувале користење на оружјето и стрелање. Случајот е вратен на повторно судење од страна на Апелацискиот суд со образложение дека: ,,од описот на изреката не произлегува ниту едно подготвително дејство за извршување на кривично дело подготовка на терористички напад". Според овој Суд, пресудата е: "нејасна и неразбирлива" и не е воспоставена врска меѓу активностите и делото за кое се товарат. По повторното судење Основниот суд не го промени своето мислење и ја повтори пресудата (пет години затвор за подготвување на дело тероризам според член 326 во врска со член 313 од Кривичниот законик). **За сево ова и новинарите и невладините организации кои се занимаваат со заштита на човековите права, воопшто, или многу малку реагираа, а јавноста не покажа никаков интерес.**

Во Здружението на новинарите (а и во ниту која било друга институција) не успеавме да најдеме дури ни евиденција за бројот на судски случаи кои се воделе против новинари во текот на 2005 година. Меѓутоа, од разговорите со одговорните уредници добивме податок дека, речиси, нема редакција која не е во судски спор (најчесто процес за клевета).

Само како пример наведуваме неколку случаи за кои добивме податоци од разговорите со одговорните уредници и со самите новинари:

Пратеникот Стојан Андов го доби случајот против новинарката на Утрински весник, **Соња Крамарска**. Апелацискиот суд ја потврди паричната казна од 24 000 денари заедно со судските трошоци, а новинарката има поднесено барање до Обвинителството за поништување на пресудата.

Јадранка Костова - новинарка во ,,Фокус" го загуби судскиот процес по тужбата на Ванчо Муратовски, лидерот на Синдикатот на Македонија. Судот пресуди во корист на Муратовски, а новинарката Костова плати 20 000 денари казна за нанесена навреда. Таа во нејзината колумна во "Дневник" во козерија пишуваше за најавениот генерален штрајк од страна на Муратовски кој никогаш не се одржа. Костова вели дека немала фер судење, зашто **не и било дозволено да повика сведоци**, а судијката тоа го образложила со зборовите дека ,,не треба, зашто било **очигледно дека Муратовски се чувствува навреден**". Костова најавува тужба пред Судот за човекови права во Стразбур.

Лиле Ѓоргиева - новинарка во Сител - случај за клевета по тужба на д-р Душко Павловски, педијатар во Кратово. Новинарката Ѓоргиева во текот на јули и август 2003 година **објавува четири прилози за смртни случаи кај деца кои ги лекувал д-р Павловски. Во прилозите се снимени изјави на родителите на децата**. Адвокатот на тужителот Ратко Ѓоргиевски за време на судењето тврдел дека родителите изјавите ги дале во пијана состојба. Судијката Анета Арнаудова (Основен суд Скопје 1) **не прифатила ниту еден сведок на тужената** Ѓоргиева. На 4 јули 2005 Судот ја казнил новинарката со максимална казна за делото клевета со 63 500 денари. Одбраната на Ѓоргиева поднесла жалба. Новинарката Ѓоргиева изјавува дека проблематично било тоа што д-р Павловски е претседател на ОО на СДСМ во Кратово и ја користи политичката позиција, како и претерано дрскиот однос во текот на судењето од страна на адвокатот Ратко Ѓоргиевски, сопруг на министерката за правда, Мери Младеновска-Ѓоргиевска.

Ида Протуѓер - новинарка на ТВ Канал 5 - за клевета за случајот ,,Еуростандард банка". Новинарката во текот на 2005 година е осудена на 3 месеци затворска казна на 1 година условно. Во моментов пресудата е обжалена пред Апелациискиот суд. Во својот **прилог за намерата на банката да купи друга банка (Поштенска) новинарката користела информации објавени во весникот Вечер и од Интернет-страницата на Еуростандард.** Судот не ги зел предвид како доказен материјал тие новинарски написи и рекол дека податоци од Интернет не можат да се користат како доказ зашто не се заверени. Судот не го прифатил како доказен материјал ниту документот со кој се потврдува сопственишството, односно процентуалниот удел на Трифун Костовски во банката. А предметот за клевета е поради тоа што прилогот на новинарката одел со заднината "банката на Костовски". ,,Ова е сериозен притисок врз слободата на новинарството", изјавува Ида Протуѓер во врска со судскиот процес. ,,Судот од нас бара секоја информација да ја заверуваме на нотар. Какво ќе биде тоа новинарство", прашува таа.

Во оваа прилика само ќе свртиме внимание на членот 176 од Кривичниот законик според кој:

(1) **Нема да се казни** тој којшто навредливо ќе се изрази за друг во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, **новинарска професија**, политичка или друга општествена дејност, **во одбрана на некое право или при заштита на оправдани интереси, ако од начинот на изразувањето или од други околности произлегува дека тоа не е сторено со намера за омаловажување.**

(2) Во случаите од став 1 нема да се казни тој којшто за друг изнесува или пронесува дека сторил кривично дело за кое се гони по службена должност иако не постои правосилна пресуда (член 172 став 5), ако докаже дека **имал основана причина да поверува во вистинитоста** на она што го изнесувал или го пронесувал.

Овој член постои токму со цел да не се обесмисли идејата за контролната функција која треба медиумите да ја имаат во однос на носителите на власта и моќниците кои можат својата позиција да ја искористат на начин кој значи ограничување или повреда на правата на другите, односно отсуство на санкција за ваква повреда. Сериозната, аргументирана критика, индицирањето на одредени проблеми, поставувањето прашања и барањето одговори не смеат да запрат. Во спротивно, новинарите ќе се претворат во гласноговорници на одделни владејачки структури кои информациите ги ограничуваат на официјално дадените известувања и на говорите на високите функционери. Оваа активност е попозната како државна цензура.

2. Бегалци и внатрешно раселени лица

По 7 години од конфликтот на Косово и по 5 години од конфликтот во Република Македонија, на територијата на државава, сè уште, има одреден број бегалци и внатрешно раселени лица.

Според информациите добиени од Одделението за азил [5], состојбата со оваа категорија лица под заштита на Република Македонија е следнава:

Статус	**Септ. 2004**	**Март 2005**	**Окт. 2005**[6]	**ПРОМЕНИ 2004/05**
Признати бегалци	19*	12	37	+ 18
Азил од хуманитарни причини	809	1160	1270	+ 461
Одбиени барања	209	358	521	+ 312
Запрена постапка	199	238	357	+ 158
*За доработка	1097	274	151*[1]	- 949 (=946*)

* плус тројца Роми(?) / *[1] од кои 64 барања од 2003 г. /

Проблемот можеби и не би постоел доколку сите промени де факто не се од 2004 година, односно според информацијата добиена од Одделението за азил, во 2005 година, сè уште, не е донесена позитивна одлука во однос на некое од барањата за признавање статус на бегалец.

Потсетување: според чл. 27 од Законот за азил и привремена заштита, *"одлуката по барањата за добивање азил треба да биде донесена во **рок од два месеца** по поднесувањето на барањето"*. Во однос на доброволното враќање на лицата на територијата на Косово или на територијата на Србија, Секторот нема точна бројка, бидејќи тој дел од асистенцијата и организацијата ја водат УНХЦР и АРЦ (Американскиот бегалски комитет).

Сметаме дека едноставното прекинување на насилството по вооружени конфликти не значи дека земјата е безбедна за живеење, особено за оние што биле протерани оттаму, дека постконфликтното општество многу често е поделено, без развиена инфраструктура и одржлива економија, извесно е дека вообичаено состојбата со човековите

права и слободи, воопшто, не е на задоволувачко ниво за да се реализира доброволна репатријација. Најдобра потврда дека е тоа така и на Косово се: а) Извештајот на Генералниот секретар на Обединетите нации, г. Кофи Анан, презентиран на 24 февруари 2005 пред Советот за безбедност на Обединетите нации[8], во кој се предупредува не само дека "косовските стандарди" не се исполнети во целост, туку и дека положбата на малцинствата е загрижувачка, и б) редовните извештаи и апелите што Народниот правобранител на Косово ги упатува до европските држави во поглед на небезбедната ситуација на Косово и преиспитување на нивните политики во однос на враќањето на Ромите и Ашкалите.

Во текот на 2005 година власта не успеа на соодветен начин да го реши проблемот со **внатрешно раселените лица[10]** (од Арачиново и Кумановскиот регион)**.** Активностите на Министерството за труд и социјална политика во текот на целата година беа спротивни на стандардите на меѓународното право од оваа област. Наспроти примарната должност и одговорност на надлежните органи за воспоставување услови, и обезбедување средства, кои на внатрешно раселените лица ќе им овозможи **доброволно да се вратат,** безбедно и достоинствено, во нивните домови, со повеќе свои постапки и посебно со практиката на присилна дерегистрација, Владата се реши за присилни средства за наводно решавање на проблемот.

Во повеќе случаи Министерството за труд и социјална политика со Известување го укина статусот на внатрешно раселено лице со образложение дека статусот на внатрешно раселено лице и бенефициите кои досега ги користел ќе му престанат и ќе биде дерегистриран, **бидејќи добиле службена белешка од "овластен" орган (**Бирото за јавна безбедност при МВР) **во Државата** во која е наведено дека тој има сопствен стан во кој живее или дека го продал имотот во местото на раселување или дека има друг начин за решавање на домувањето. Со ова Министерството направило (најмалку) две повреди на правото: 1. МВР не е надлежен орган за давање податоци кои се поврзани со недвижностите (со **чл. 14/1** од Законот за премер, катастар и запишување на недвижностите е предвидено дека државните и другите органи во сите односи за кои се потребни податоци за недвижностите се должни да ги користат податоците од Катастарот за недвижности); 2. времето на донесување на актите (известувањето за дерегистрација на **15. 2. 2005,** врз основа на службена белешка добиена од Бирото, која на Министерството му била доставена на **26. 4. 2005)**.

Со овие активности државата уште еднаш го потврди ставот дека не е подготвена да ја преземе полната одговорност како за настаните кои доведоа до внатрешното раселување, така и за санирањето на последиците, односно за создавањето реални услови за доброволно враќање на дел од раселените лица. Ова последното подразбира не само обновување или изградба на куќите за живеење, туку и на сите придружни објекти кои го овозможуваат стопанисувањето и живеењето во руралните области (а кои, исто така, биле уништени за време на конфликтот). Го свртуваме вниманието на фактот дека и бегалците и внатрешно раселените лица се луѓе што преживеале тешки моменти и тоа **не по своја вина**, па оттука државата треба и мора да води сметка не само за нивните егзистенцијални потреби, туку и за она што значи страв од повторување на преживеаните трауми и, со тоа, да бара такви трајни решенија што **нема** да ги стават овие луѓе во ситуација дури и слична на онаа од која побегнале.

3. Слобода на уверувањето

Во однос на почитувањето и заштитата на слободата на уверувањето и религијата, 2005 година ја обележа случајот ,,Вранишковски". Државата и нејзините институции во овој случај се покажаа како експоненти и заштитници само на една верска заедница (Македонската православна црква), издигнувајќи ги нејзините интереси и проблеми на ниво на национални и државни интереси.

Забраната за формирање повеќе верски заедници во рамките на иста вероисповед (член 8 од Законот за верски заедници и религиозни групи) претставува ограничување на слободата на уверување на граѓаните. Оваа одредба во Законот беше искористена во насока на директно вмешување на државата и нејзините структури во случајот поврзан со обидите за формирање на нова религиозна група – Православна охридска архиепископија (ПОА), на територијата на Република Македонија. Со своето дејствување институциите на државата отворено учествоа во нарушувањето на повеќе основни права (правото на вероисповед, правото на изразување, правото на приватност, правото на движење и правото на правично судење). Како носител на идејата за формирање на ПОА се појави Јован Вранишковски кој според пресудата на Основниот суд во Битола, донесена на 26. 1. 2004 година, а потврдена на 22. 6. 2005 година, беше прогласен за поттикнувач на верска омраза и нетрпение и осуден на казна затвор во времетрање од две и пол години.

Нарушувањето на повеќето основни права државата го манифестираше и преку активностите на нејзините институции (посебно на Министерството за внатрешни работи) насочени не само кон следбениците (монасите на МПЦ кои го поддржаа Вранишковски), туку и кон граѓаните кои симпатизираа или сочувствуваа со нив. Како пример може да се издвојат: проблемите при напуштањето на државава и влезот во неа, закани, приведување во полиција и тужби против граѓаните кои им дадоа живеалишта на избрканите монаси, полициска забрана во остварувањето на правото на живеалиште.

Индикативен беше и начинот на кој државниот врв на Република Македонија и на Република Србија се обидоа да го "менаџираат" спорот меѓу двете национални цркви (МПЦ и СПЦ). Со своите активности тие во повеќе наврати дојдоа во судир со принципите на секуларната држава.

Наспроти активното (противуставно) дејствување на државата во случајот ,,Вранишковски", државата беше пасивна и не ги презеде соодветните законски оправдани мерки во случаите на насилство во Исламската верска заедница. Оваа година ескалираа односите во Исламската верска заедница кои делумно почнаа пред месец Рамазан во минатата (2004) година. Притисоците започнаа во Скопското муфтиство, каде што група имами бараа од поглаварот на ИВЗ, реис-улема Емини, да го разреши скопскиот муфтија, Зенун ефенди Реџепи. Состојбите ескалираа до ниво на физичка присила, така што во текот на летото, поглаварот на ИВЗ беше принуден да поднесе оставка. Бидејќи и следните активности за изнаоѓање излез, беа неуспешни, поглаварот на ИВЗ, Ариф Емини, даде оставка, а на неговото место е поставен вршител на должноста до истекот на 2005 година. Во овој случај државата не интервенираше на начин кој би го спречил насилството и не ги откри напаѓачите врз неколку имами.

Државата, исто така, не застана во заштита на слободата на уверувањето ниту во однос на проблемите со кои се соочува Бекташката верска заедница, како и низата други помали верски заедници во Република Македонија (кои не добиваат градежни дозволи за изградба на верски објекти, нерамноправно се третираат од државниот медиум МТВ, отворено се атакувани од страна на свештеници на Македонската православна црква и нејзините верници). Исто така, многу различно од постапувањето на државата во случајот ,,Вранишковски" е наполната пасивност кога станува збор за отворено поттикнување на верска омраза, каква што има, на пример, во случајот ,,Секирник". Физичките напади, заканите и отворената забрана за изградба на католичка црква (поттикнати во голема мера и од православните свештенци од оваа област) за државата не претставуваат доволна основа за примена на познатиот член од Кривичниот законик, ниту, пак, се во доменот на интересирањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи.

Од аспект на законска рамка, Предлог-законот за верски заедници доработен во 2005 година, само го легализира ваквиот однос на државата спрема различните верски заедници и ја легитимира посебната поставеност на Македонската православна црква во однос на другите верски заедници. Во предлогот и понатаму постои одредбата од членот 8, како и Комисијата за односи со верските заедници (со неизменети надлежности) која во изминативе години (а и во 2005 и со настапите на новиот Претседател на Комисијата) отворено ги застапуваше интересите на Македонската православна црква. Решенијата на овој Предлог-закон, воопшто, не ги адресираат низата проблеми со кои се соочуваат помалубројните верски заедници и религиозните групи на територијата на Република Македонија (добивањето градежни дозволи, денационализација на имотот, изградба на нови објекти, набавка на литература, организирање предавања и повикување предавачи).

Во изминатиов период особено загрижувачка беше неактивноста на Народниот правобранител, речиси, во сите погоре наведени случаи и покрај неговата институционална обврска да реагира. Овој факт и фактот што полицијата беше соодветно инструментализирана во случајот на Вранишковски активно, а во случајот на ИВЗ пасивно, како и однесувањето на другите институции на државата (декларацијата на Собранието за поддршка на МПЦ, јануари 2004 година) и пресудите на надлежните судови отворено и недвосмислено зборуваат во прилог на десекуларизиција на државата.

Во ваквиот амбиент, неминовно треба да се спомене и несфатливото недејствување и/или неогласување на невладиниот сектор во земјава, посебно на оние НВО-а, кои се активни во доменот на заштитата на човековите права.

Без никаква тенденција за оспорување на правото на МПЦ себеси да се идентификува како национална црква во контекстот на преостанатиот православен свет, сметаме дека е недозволиво и неприфатливо е во црковните работи да се вклучува државата со своите институции и инструменти во име на обезбедување на ексклузивитет на православието во земјава. Со ваквото дејствување државата учествува и во промовирањето на етнофилетизмот (црковен национализам), кој, пак, од своја страна значи оспорување на националниот идентитет на сите оние граѓани на Македонија кои не и` припаѓаат на МПЦ, како и директно загрозување на: слободата на уверување и уште еднаш, на секуларниот карактер на државата. Оттаму, ова дејствување и недејствување на државните институции од сите столбови на власт експлицитно претставува и повреда на одредбите на Универзалната декларација за човекови права, на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и на Европската конвенција за човековите права – потпишани и ратификувани меѓународни акти со соодветни обврски, како и гаранции за правата на сопствената религија, уверувањата, правото на практикување на уверувањето, правото на сопственост, приватност во домот, правото на живеалиште и слично.

Од аспект на слободата на уверувањето посебно загрижува поставеноста и улогата која ја има Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи. И во новиот Закон и во веќе спомнатите буџетски приоритети оваа Комисија се профилира како заштитник на една веросиповед. Сметаме дека Комисијата треба да биде или наполно укината или да биде профилирана на сосема поинаков начин кој ќе значи натамошна работа во насока на развивање на слободата на уверувањето, која според членот 9 од Европската конвенција за човековите права, значи и право на промена на религијата или уверувањето.

4. Правата на националните и на етничките малцинства

И во 2005 година, промените направени во областа на правата на националните малцинства, се однесуваат, пред сè, на промоцијата на колективните наспроти индивидуалните права и во голема мера се ограничуваат единствено на правата на припадниците на бројно најголемото етничко малцинство (албанското). Во крајна линија овој пристап води до фактичко напуштање на концептот на мултикултурност и постепена промоција на бинационална држава. Помалите етнички и јазични заедници наидуваат на голем број проблеми во остварувањето на овие права во

промовираните бинационални односи. Сметаме дека ратификацијата и примената на Европската повелба за регионалните или малцински јазици, може да придонесе за одржување на мултикултурниот карактер на државата и за заштита на културниот диверзитет на јазиците кои традиционално се зборуваат на територијата на Република Македонија.

Посебно загрижува тоа дека и во изминатата година продолжи повеќегодишниот тренд на делење по етничка линија и намалување на местата за контакт, комуникација и заедништво. Овој процес е најлесно видлив и измерлив во образованието (намален број на основни и средни училишта со мешан состав, раздвојување на високото образование, раздвојување на постдипломските студии). Резултатот од ваквото раздвојување е сè помала комуникација меѓу младите, сè послабо познавање на јазикот на мнозинската популација и исклучително ретко познавање на јазикот на малцинската популација, физичко раздвојување на просторот (местата на живеење, кафеани, продавници, пазаришта). Во функција на рано предупредување сметаме дека треба да се имаат предвид размерите кои почнува да ги добива поделеноста на општеството.

Не само државата, туку и многу пошироко - општеството, сè повеќе ја негува лојалноста спрема својата група-етникум што е во целосна спротивност со зацртаните заложби за мултикултурно граѓанско општество во кое основна вредност е разбирањето и почитувањето на различностите во смисла на diversity, а не difference, во смисла на градење на плурални колективни идентити, а не монолитни и затворени заедници кои целосно се исклучуваат меѓу себе. Бидејќи границите меѓу етникумите се социјално конструирани, и по дефиниција многу потесни од границите на културните разлики, единствен начин тие да се одржуваат, да се негуваат и да се јакнат е од позиција на моќ – политика. Ваквиот социјално димензиониран простор (огромен комуникациски дефицит меѓу етничките заедници во Македонија) не само што на политичките лидери им овозможува своите барања, тврдења и дејствувања да ги оправдуваат со културните и национални разлики, туку на политичките елити во континуитет им обезбедува широко поле за манипулација во борбата за власт, во одржувањето на власта и нејзино практикување со често погубни последици за сите граѓани. Во вакви услови, единствено место каде што се остварува комуникацијата стануваат органите на државната и на локалната власт (што го поставува прашањето на политичко-партиската манипулација која се овозможува на овој начин).

Ромската заедница и натаму останува заедница која во најмала мера ги остварува овие права. Во делот на образованието, сè уште, е голем бројот на децата кои го напуштаат основното образование (иако основното образование е задолжително, никој не одговара за таквата состојба), а нема битни промени и во опфатот на децата од ромската заедница во средното образование. Огромен е бројот на лицата кои се корисници на социјална заштита (Ромите партиципираат со 2, 66 % во вкупниот број на население во Р Македонија, а користат 12 % од Фондот за социјална заштита), без, притоа, да се предложат мерки од страна на државата за подобрување на таквата ситуација на Ромите. И покрај начелото на недискриминација и правична застапеност на припадниците на заедниците во јавната администрација и јавните претпријатија, направени се промени кај сите други припадници на заедниците, со исклучок на ромската заедница каде што таа партиципира само со 0,53% и не е направено ништо да се подобри таквата ситуација.

5. Трговијата со луѓе и човековите права на жртвите

И во 2005 година, политиката на Република Македонија за борба против трговијата со луѓе остана несензитивна за два клучни аспекта: аспектот на човековите права на жртвите на трговијата со луѓе и родовиот аспект на проблемот (според податоците на ИОМ 99,73 % од жртвите се жени).[11]

„Набљудувањата на мисиите на ОБСЕ сугерираат дека не сите жени се донесени во шелтер. Уште повеќе, бидејќи во шелтерот се прифаќаат единствено жртвите кои сакаат да се вратат во земјата на нивното потекло, оние кои не сакаат да влезат во програмата на ИОМ немаат друг избор освен да бидат депортирани. Жените и децата кои се жртви на внатрешна трговија воопшто не се идентификуваат. Жртвите често ја одбиваат помошта која се нуди во Транзитниот центар или не бараат помош воопшто, бидејќи се плашат од репатријација, депортација и јавна осуда од нивните земји, што повторно ги исфрла на преден план сите проблеми заради кои тие и станале жртви на трговија: сиромаштија, дискриминација, ниско образование и можности за работа"[12]

Што се однесува до правата на жртвите во судската постапка, анализата на практиката на домашните судови посочува на сериозни тешкотии. Пред сè, видливи се практичните тешкотии во остварувањето на правото на надомест на штета. Иако во 2005 год. во 73 % од судските предмети[13] жртвата не се јавува само како сведок, туку и како оштетена (има предјавено имотно-правно барање), од 15 пресудени предмети во врска со кривичните дела - посредување при вршење на проституција и трговија со луѓе, не е реализирано ниту едно барање за надомест на нематеријална штета.[14] Исто така, забележани се и повеќе случаи на ускратување на правото на оштетената да предлага нови докази. Што се однесува до правото на заштита на жртвите, забележително е неприменувањето на посебните начини на испитување на сведокот преку судот (надвор од судница). Само во еден случај е изведено сослушување на сведок преку видеоконференција, при што на обвинетите и на јавноста им било ускратено гледањето - можеле само да ја слушнат жртвата. Во ниеден случај Советот не решил да го отстрани обвинетиот од судница. Во еден случај, претставниците на обезбедувањето на жртвата дури биле замолени да се повлечат од судницата по барање на бранителите, иако претресот бил јавен. Во случаите кога жртвата се јавува како сведок, во повеќе случаи таа не била поучена за правото да не одговара на одделни прашања (што е обврзно во согласност со Законот), а постојат индиции дека сведоците не се запознати со правото за неизнесување на лични податоци.

Непостоењето на применлива законска регулатива за заштита на сведоци, во определени случаи го оневозможува присуството на жртвите за време на судската постапка. Во еден случај, петте оштетени странски државјанки не биле присутни за време на претресот, бидејќи биле вратени во нивните држави, откако се заканиле дека ќе си ги пресечат вените. Останува да се види дали ситуацијата на планот на заштитата на жртвите ќе се промени со Законот за заштита на сведоци (мај 2005) кој треба да почне да се применува во 2006 година.

Други индикатори за неефикасната казнена политика на Република Македонија во врска со трговијата со луѓе се: должината на кривичните постапки; преголемата благост на судовите при одмерувањето на казните; ретката употреба на одредбите за конфискација на имот или имотна корист стекнати со ова кривично дело; и необјавувањето на пресудите. Ако на ова се додаде и нетранспарентноста на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи (кое уште во 2003 год. престана да објавува податоци за регистрирани случаи), се добива впечатокот дека севкупната политика на Република Македонија за борба против трговијата со луѓе се наоѓа во "тежок" ќор-сокак.

6. Човековите права на корисниците на дрога

И во 2005 год. продолжи кршењето на човековите права на корисниците на дрога како чувствителна група. Владата не ја донесе долгонајавуваната единствена законска регулатива за дрогите, ниту, пак, усвои национална стратегија и акциски план.

Не беа направени никакви конкретни чекори ниту за заштита на личното достоинство на корисниците на дрога. Напротив, во Република Македонија продолжи етикетирачката употреба на некои термини ("наркомани", "токсикомани" итн.) токму од државните институции кои се одговорни за борбата против стигматизацијата.

Етикецијата на корисниците на дрога се легитимира со застарената правна терминологија која, сè уште, е во употреба. На пример, во Кривичниот законик, Законот за прекршоци и Законот за извршување на санкции, сè уште, постои мерката за безбедност „Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани" (наспроти принципот на доброволност при лекувањето). Оваа правна категорија практично ја легитимира употребата на терминот "наркоман" кој одамна не е во медицинска употреба во Светската здравствена организација.[15]

Иако и МВР, сè уште, зборува за „наркоманијата" како за социопатолошка појава, сепак, барем во официјалните соопштенија не го употребува терминот "наркоман". Затоа, пак, МВР систематски се труди сите оние што се осомничени за поседување или употреба на дрога (најголемиот дел за употреба на канабис) да ги "дијагностицира" како „зависници од дрога". За жал, третманот на МВР кон „зависниците на дрога" не е како спрема лица на кои им е потребна медицинска нега, туку ги третира како тешки криминалци.

Според резултатите што јавно ги прикажа МВР во 2005 год., може да се констатира дека борбата против дрогата во практика е повеќе насочена кон „уживателите на наркотични дроги", а не кон производителите и трговците. Изјавите на корисниците од дрога лишени од слобода, индицираат дека полицијата не води доволно сметка за мерките за заштита од тортура и нечовечко и понижувачко постапување кога има основи за сомневање дека се сторени прекршоци или кривични дела во врска со дрога. Лицата лишени од слобода, воопшто, не се информираат (или недоволно се информираат) за нивните права. Од нив најчесто се бара да потпишат дека се откажуваат од правото на бранител, а правото на адекватен медицински третман (на лекар по сопствен избор) не е регулирано ниту на хартија, а да не зборуваме во практиката. Постојат индиции дека во многу случаи, нивната чувствителна здравствена положба (состојбата на апстиненцијална криза) и социјална положба (потенцијални или актуелни жртви на социјално исклучување) се користи за да се изнуди признание или за да се обезбедат други докази во постапката против нив самите, или против други лица.

Покрај правата при лишување од слобода, во полициската и судската постапка најчесто на удар се и:

- презумпцијата на невиност (полицијата најчесто ги третира лицата во контакт со дрога како сторители на казниви дела, а не како невини до правосилна судска пресуда),
- правото на приватност (полицијата само провизорно го штити ова право во своите извештаи до јавноста, а претресите на дом и лица без покажување судска наредба почесто се правило отколку исклучок),
- правото на недискриминација и еднаквост пред законот (дискриминирачки однос, и нееднаков третман на уживателите на дроги во споредба со другите ситни прекршители),
- правото на судска заштита за незаконито лишување од слобода (непостоењето на ефикасен механизам за судска заштита, во кој затајуваат и обвинителите и судиите),
- правото на жалба и поплака (неефикасноста на внатрешната контрола на полицијата која во вакви случаи речиси по правило своите известувања ги завршува со ,,лицето е уживател на дроги и поседува обемно криминално досие"),

- правото на ефикасна судска заштита од тортура и нечовечко и понижувачко постапување (ниту обвинителите, ниту судиите не им посветуваат посериозно внимание на случаите кога зависниците од дрога тврдат дека биле изложени на тортура и/или нечовечко и понижувачко постапување).

За жал, не е видливо дека Народниот правобранител презема посебни мерки за заштита на правата на зависниците од дрога (како чувствителна група), а што е дополнителен показател за сметката што се води за оваа група луѓе со посебни здравствени потреби.

Што се однесува до правото на здравствена заштита, во 2005 година е постигнат значителен напредок во смисла на проширување на капацитетите за лекување во дневни болници (децентрализирање на програмата за метадонска терапија). Сепак, ако податоците на МВР (прифатени од РЗЗЗ) ги прифатиме како веродостојни, излегува дека, сè уште, многу мал дел од "зависниците", подложени на полициски третман, имаат можност да бидат подложени и на медицински третман.

V. ***Анекси***

1. Преглед на случаи

Во текот на 2005 година до комитетот поднесени се 784 пријави. Во врска со овие барања од страна на комитетот поведени се постапки пред соодветните органи, побарани се податоци и информации, на барателите им е понудена правна помош или се упатени до органите пред кои ваква помош можат да добијат.

	ЗАВРШЕНИ		**НЕЗАВРШЕНИ**		**БЕЗ ОСНОВ**	**ВКУПНО**
	ПОЗИТИВНО	**НЕГАТИВНО**	**активни**	**пасивни**		
ВКУПНО ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ	**101**	**113**	**538**		**32**	**784**

По области:

Област	**Бр.**
Извршна постапка	**28**
Управна постапка	**159**
Граѓанска постапка	**227**
Кривична постапка	**152**
Случаи поврзани со затворите	**36**
Вон процесна постапка	**17**
Дискриминација	**1**
Апликации пред Европскиот суд за човекови права	**26**
Приватизација и стечајна постапка	**27**
Барања против судиите	**1**
Еколошки случаи	**4**
Иницијативи пред Уставниот суд	**1**
Случаи поврзани со образование	**3**
Прекршочна постапка	**11**
Други	**91**
Вкупно	**784**

2. Други проекти

За подготовка на годишниот извештај, користени се податоците добиени со реализација на следниве проекти (самостојно или во соработка со други невладини организации и академски институции) во текот на 2005 година

Наслов на проектот	**Поддржан од**
Набљудување и известување за прекршувањата на човековите права на територијата на Република Македонија	Норвешки хелсиншки комитет
Правници за човекови права - бесплатна правна помош	Шведски хелсиншки комитет
Подготовка и промоција на закон за не-дискриминација	Шведски хелсиншки комитет
Публикација - јакнење на независноста и ефикасноста на судството на Балканот	Балканска мрежа за човекови права
Превенција на тортура во затворени институции	Европска Комисија
Идентификување на ЛГБТ популација во Република Македонија (имплементирачки партнер МАССО)	Шведски хелсиншки комитет
Правен водич за националниот систем на заштита за човековите права, „Во право си!"	Шведски хелсиншки комитет
Имплементација на Римскиот статут во Република Македонија	Коалиција на меѓународниот кривичен суд
Истражување: превенција на трговијата во Република Македонија	Фондација за родови истражувања, Бугарија
Школи за човекови права	делумно - Норвешки хелсиншки комитет, Конрад Аденауер фондација
Училиште за толеранција	Шведската агенција за развој (СИДА)
Разбирање на современата историја	Делегација на Европската комисија во Македонија
Промоција на слободата на уверување и религијата во Република Македонија	Меѓуцрквен совет за мир (IKV)
Набљудување на состојбата со училиштата во Република Македонија	Норвешки хелсиншки комитет
Едукација за мир, градење социјална кохезија помеѓу етничките групи	УНИЦЕФ
Човековите права, предуслов за мир	УНИЦЕФ

3. Слики од училишта, снимени во рамките на проектот „ Мониторинг на инфраструктурата на училиштата во Република Македонија"

СКЕНДЕРБЕГ

АРАЧИНОВО

РАЈКО ЖИНЗИФОВ

ДРАЧЕВО

РАЈКО ЖИНЗИФОВ
ДРАЧЄВО

РАЈКО ЖИНЗИФОВ
ДРАЧЄВО

РАДЄ КРАТОВЧЄ-КОЧАНИ

РАДЄ КРАТОВЧЄ
КОЧАНИ

ПЕЦО ДАСКАЛО

ДОЛНЕНИ

ПЕЦО ДАСКАЛО
ДОЛНЕНИ

НАУМ ОХРИДСКИ
БУЛАЧАНИ

НАУМ ОХРИДСКИ
СЕЛО БУЛАЧАНИ

МАНЧУ МАТАК
КРИВОГАШТАНИ

МАНЧУ МАТАК КРИВОГАШТАНИ
(шоалєш за настаьници)

МАНЧУ МАТАК-
КРИВОГАШТАНИ

МАНЧУ МАТАК

КРИВОГАШТАНИ

МАНЧУ МАТАК

КРИВОГАШТАНИ

ЛИРИЈА

СКОПЈЕ

ЛИМАН ЌАБА - ЉУБОТЕН

ЛИМАН ЌАБА - ЉУБОТЕН

КОЧО РАЦИН
ПЕТРОВЕЦ

КОЧО РАЦИН

ПЕТРОВЕЦ

КОЧО РАЦИН-ПЕТРОВЕЦ

ЈАНЕ САНДАНСКИ-СКОПЈЕ

ЈАН АМОС КОМЕНСКИ
СКОПЈЕ

ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ-
НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА-СКОПЈЕ

ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ
НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА-СКОПЈЕ

ГЛИГОР ПРЛИЧЕВ
НАСЕЛБА ЖЕЛЕЗАРА-СКОПЈЕ

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
ШТИП

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ШТИП



ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ШТИП (Подрачно)

ЕЌРЕМ ЧАБАЈ

СЛАТИНО

ЕЌРЕМ ЧАБАЈ

НЕПРОШТЕНО

ДРАГА СТОЈАНОВА

РАКОТИНЦИ

ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ - ПРИЛЕП

ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ

ПРИЛЕП

ДИМИТАР ВЛАХОВ

ШТИП

ДАМЄ ГРУЄВ
БИТОЛА

ДАМЄ ГРУЄВ - БИТОЛА

БРАТСТВО-НАСЕЛБА КАРПОШ - СКОПЈЕ

БРАТСТВО-КАРПОШ

БРАТСТВО

СКОПЈЕ

БАЈРАМ ШАБАНИ
КОНДОВО

25 МАЈ-НАСЕЛБА-ЧЕНТО

25 МАЈ-НАСЕЛБА-ЧЕНТО

25 МАЈ-НАСЕЛБА-ЧЕНТО

[1] Види Анекс 1

[2] Види Анекс 2

[3] Презентираните податоци се добиени од: периодичните извештаи за навремено предупредување од УНДП; изданијата и објавите во службен Весник на Република Македонија на Заводот за статистика на Република Македонија и World Bank Institute.

[4] Службен весник на Република Македонија, бр. 96 од 2004 година.

[5] Службен весник на Република Македонија, бр. 120 од 2005 година.

[6] Сите податоци дадени во табелите, вклучувајќи ги и овие, се дадени во илјади денари.

[7] Ве молиме погледнете го прилогот во слики во врска со оваа точка.

[8] Овде молиме да се погледне вториот сликовен приказ.

[9] Под „ратификати" подразбираме меѓународни договори и конвенциите кои Македонија ги има ратификувано и, на тој начин, тие станале дел од правниот систем на Република Македонија

[10] Според Статистиката на УНХЦР за декември 2005, од 12 јануари 2006, вкупниот број на внатрешно раселени лица е 831. Од нив 225 лица се сместени во семејства, а 606 во колективни центри. Во самата информација е наведено дека овој податок е добиен од Министерството за труд и социјална политика.

[11] Кон прирачникот за јавни обвинители во кривичниот прогон на трговијата со луѓе, ИОМ, 2005, стр. 169.

[12] Цитирано од извештајот во сенка за имплементацијата на CEDAW изработен од страна на Организациите за правата на жените, Shadow Report, CEDAW, p. 12

[13] Набљудувани од Коалицијата за правично судење. Видете „Сузбивањето на трговијата со луѓе низ практиката на домашните судови", Скопје, ноември 2005.

[14] До крајот на септември 2005 год. само во два предмета е досуден надомест на материјална штета во висина од 98 023 денари.

[15] За настојувањето по секоја цена да се задржи употребата на терминот "наркоман" сведочи и тенденциозниот превод на чл. 5 од ЕКЧП, каде што изразот "drug addicts" (зависници од дрога) е преведен со "наркомани".